СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД III-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 58-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.IV.1993 ГОДИНА**


1. АБДИ ФАИК - стр.8
2. ДИМОВСКА Д0СТА - 52, 80
3.ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 57
4. ИСМАИЛ ЃУНЕР (од Влада- министер за култура)
5. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 77
6. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 41
7. ПОПОВСКИ КИРО - 13, 24
8. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 76
9. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 78
10. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 59, 62, 71
11. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 38
12. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 45
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 82
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 83
15. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 2, 3, 48, 53, 76
16. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 49, 55
17. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 54, 57
18. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 79, 81


седницата продолжува

**СТОНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од третото продолжение на 58-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 април 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Благоја Чкатроски, Јаким Ивановски, Јован Манчевски и Љубосав Иванов, Душко Горѓески ме известија дека од оправдани причини не во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор господинот Бранко Арсовски

(Пратеникот Бранко Арсовски излезе на говорницата).

Јас го извикав господинот Арсовски и го прозвав, но тој не беше овде.

Господине Арсовски, дали вие се откажавте од збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Го одложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не можете да одлагате. Вие сте добиле уредно збор, и не сте сакале да зборите, туку друг пат. Ваша работа е господо, кога ќе се пријавите дали сакате да зборувате или ќе се откажете, тоа е ваша работа.

За збор се јави господин Петре Трајковски. И господин Трајковски не беше во салата кога го прозвав. Може секој да се откаже и може писмено да си достави дискусија. Се е можно. Не може два пати да се зборува, оти така заклучи Собранието.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Без да сака некој се виде класичен пример на манипулација од страна на претседателот.

Почитувани пратеници, на почетокот сакам да укажам на непринципиелноста на господинот претседател Стојан Андов во водењето на седниците. Очигледно е дека како што е во интерес моменталнс на братската коалиција овде во Парламентот, така и ги реди говорниците, независно кој кога се пријавил. Вчера беше редот јас да дискутирам, кој бев за момент излезен, штом се вратив назад, наместо претседателот да ми даде збор, тоа го одби велејќи седете, утре. Чист пазар, како на; зеленово пазарче овде. По тоа и давајќи му збор на господинот Љупчо Поповски. Веднаш после говорот на Љупчо Георгиевски, знаеме целта е да се сокрие...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие расправајте за ова, а за моите постапки ќе разговараме кога ќе покренете прашање за мојата одговорност. Инаку, нема процедурално за тоа. За тоа вие можете само тогаш да разговарате. Повелете сега натаму.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

За тој пример господине Андов вие знаете пред два дена исто Арсовски и други пратеници кога се излезени и кога ќе дојдат веднаш им давате збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само продолжете за тоа што дојдовте.-*А кога се пријавувате, ве молам, бидете во салата, зашто само во салата се зборува.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Барем така продолжете редовно да работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, така, јас знам како работам, терајте вие сега да зборувате.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Ќе почнам за она исто што некни бев прекинат на првиот ден кога се бараа тие документи овде од нашата пратеничка група.

Се спомнаа многу пати зборови доверливо и стр. доверливо, документите што ги баравме да не се објавувале можеле тие документи ако се објавеле, незнам што понатаму. Не можам јас да сфатам и тоа мое процедурално прашање беше да не се употребува тој збор стр. доверливо, затоа што таа доверливост и тајна може да биде меѓу двајца, тројца луѓе или во еден кабинет, или во една партија. Не можеме ние тајна, во интерес на државата да чуваме овдека во 120 пратеници кога имаме коалиција направена главно од СДС, од ПДП-НДП како што ја нареков братска коалиција, кој ПДП-НДП редовно две години бараат по светот, по Њујорк, во Брисел да нема признавање на Македонија, кој од нивна страна од тие партии се бара Илирида, цепење на Македонија, па која тајна ние ќе ја чуваме сега со нив тука и кој документ.

На 55-та седница од оваа говорница кажав дека на Македонија и треба дипломатија што ќе се носи со грчката дипломатија, која знаеме грчка дипломатија жнее успеси. Во се излезе подобра од нашата дипломатија. Нас во овој момент што е доведена Македонија ќе кажам зошто е тоа така и

што не ни треба. Како прво не ни требаат дипломати кога во својата професија, дипломати кои се со промашена професија, или кога во својата професија доживеале крах преку цело тоа време и уште на својата професија стојат на нула Сега исти такви личности, заради популарност на некои од зад нив или од постариот режим ја водат дипломатијата на Република Македонија во овие најтешки моменти. Не ни требаат дипломати што во ОН или Брисел или другите европски центри каде се разговара за прашањата околу Република Македонија, кои дипломати чекаат по ходници како во стоматолошки амбуланти и никој не ги прима. Дипломат како министер или премиер на Влада кога оди во некоја држава, ние знаеме дека кога се води таков разговор треба да видиме извештај, треба да видиме слика каде таму знамето од неговата држава и знамето од другата држава со преговарачот. Ние немаме слика видено неколку месеци таков некој официјален разговор или официјални преговори. Се е преку радио или преку телевизија. Само текст. Или ни се јавува министер како новинар да е од Њујорк или од другата страна.

Резултатите од работата на таквите дипломати видовме до сега се нула и со тенденција на опаѓање и од нулата. Сега ова што ни се случува државата да не знае каде се изгубил потпретседателот њ Владата вршител на должноста министер за односи со странство. Чекајќи го радио весникот кој сите го слушаме на македонското радио, води телот не известува дека два три дена го барале нашиот министер таму, не можете да го најдат. Па, требаше господинот Фрчковски да се прати во Њујорк, да го најде, ако се изгубил да ни го донесе овде. Секако, наш е тој, не смее да остане загубен таму.

Досегашната работа на нашата дипломатија, а поготово последниот месец е исто така многу лоша, исто толку лоша колку од едно аматерско

или лошо сценарио од непознат сценарист, некој режисер со диплома добиена од милост да направи добар филм. Не е можно. Не може и нема да може, па макар зад него стоеле и многу навидум моќни лица. Нашата дипломатија ја краси ова. Минатата година од оваа говорница беше искажано и 6 министри да ми бидат понудени, јас пак ќе го одберам дотичниот господин, екс министерот. А, зошто, за кои резултати, кога знаеме дека истиот заврши како атлетичар во оваа сала.' Резултатите сега се тие. Сега колку време ние треба да сфати народот дека работава не ни оди, нема ни да тргне. Ниту може на овој начин. Колку треба народот и сите ние да, страдаме на некој начин во информации во тие тортури, во тие блокади, во тие хајќи. Ние знаме вчера се доби еден билтен овде со потписи на директори од некои здруженија со потписи од директори на некои здруженија од Прилеп едно претпријатие стои дека така и така поддржува некоја политика. Претходниот ден од истото претпријатие беа собрани преку 130 потписи со што се поддржува неприфаќање на никаков компромис и неприфаќање на име, освен Република Македонија. Се освен уставното име. Е, сега директорот пишал телекс тука и во билтен веднаш се извади. Со истите луѓе, со истиот начин на работа во ова исто време кое оди се понаназад, резултатот, велевме дека ќе биде ист, еве го ист и нема ни шанси, ни некој пад тој резултат да оди нагоре.

Понуденото име БЈРМ ни дојде од Англија, Франција и Шпанија каде што точно во тие земји Англија и Франција нашиот претседател беше неколку пати. Понатаму не коментирам. Јас се прашувам, а и многу други што не сретнуваат по улиците зошто нема соработка со Германија, Италија и други демократски земји. Упорноста беше Франција и Англија. Овие денови нешто дру^о се слуша на пр. од Италија. Како е примена таа посета. Исто, синоќа слушнавме многу добар коментар од Русија во двата весници на телевизијата што поздравуваат и кого го поздравуваат.

Во експозето од премиерот овде се кажа дека во поднослив временски рок ќе ги убедиме сите што на меѓународната сцена нешто значат. Значи, САД, Англија, а нашата Влада и нашата власт можеле да ги убедат. Па, тие се земји кои трошат милијарди долари за рушење на тој комунизам и кои го срушија и кој е уште малку при крај, кај нас и на уште некое друго место. Тие, не ми се верува дека сакаат соработка со луѓе што водат ваков систем, или пак дека мора да ја исправат како што беше во експозето својата голема грешка. Ова ми изгледа дека премиерот за скоро време ќе ги наведе Англија и Америка и да му се извинат лично. Затоа што ја направиле големата грешка. Во експозето стои така.

Сакам да кажам дека никој нема право да дава согласност за промена на името, а тоа многу добро синоќа се кажа во вториот и третиот телевизиски дневник со коментарот од Русија. Што поздравуваат кого го поздравуваат и зошто поздравуваат. Исто дека нема никој право за компромис околу нашето име, а ако тоа некој го сторил самиот не е свесен што сторил и не е свесен кои се последиците од тоа. Тоа како што кажав нема никој право ни може да си земе право, единствено тоа право им е доверено на средствата за јавно информирање и тоа со наредба во кабинетите во Собранието. Но, сега се прашувам каде се, на пример дописниците, како што е најнеморалниот дописник од Прилеп на Телевизијата,кои се служат со фалсификати, сега овие денови да ги објават чистите петиции со нефалсификувани потписи од неколку илјади и што бараат тие луѓе, што бара тој народ преку тие потписи. Сега пак е наредба, не смее да се одјавува. Тој народ, тие неколку илјади потписи се враќаат во овој Парламент, до сите нас. Истите тие дописници кога се служеа со тие фалсификати имаше многу поголема работа што се случи кај нас како на пример како што знае и одовде кои потпишуваат некои работи дали може претрес да се изврши во некоја куќа или не, каде е, кога е најдено оружје во

поголема количина, зошто е тоа оружје наменето, дали да ме брани мене или за некое спроведување на некоја џихат програма. Тој таму неморален дописник во интерес на народот можеше да го каже точно во кое село, колку оружје и зошто. Сега, дали е за одбрана тоа оружје или за тероризам и кој врши тероризам и со многу други работи. Таа е таа неморалност. Такви дописници ги краси неморалноста, ја краси неморалноста на целата телевизија. Не може да се јавуваат двајца удбаши, двајца борци таму најден а на анкета да најдеше двајца овчари од тоа село ќе кажеше колку оружје, што и како е вршен тој притисок на тие инспектори двајца. Па, тоа го регистрираа таму и овде имаме служби од Европа,новинари странски и сето тоа се пренесува во тие земји. Како тоа оружје да се чува во Прилеп донесено од негде. Па, тоа за да се убијат тие во Прилеп луѓето. Да се понижат тие луѓе. Како ќе пренесат средствата за информирање во светот кога пред неколку илјади народ во Струмица со веќи во рацете еден министер како Ѓунер Исмаил триумфално влегува пред понижениот македонски народ. Неколку европски радио станици, ако некој слуша сателитска програма, го кажаа тоа. Али, со помош на братската коалиција од СДС, ПДП-НДП. Што ќе преносат, за која демократија ќе пренесе некој странски новинар или некој дописник од тие новинари. Гунер Исмаил триумфално влегува пред понижен неколку илјади македонски народ со свеќа во рацете, затоа што тој е понижен неговата вера и цело христијанство и се. Е, па Гунер Исмаил нека дој во Прилеп и нека ни донесе таква драма каде што е понудено и христијанството, и верата и сите тие работи. И се сprема тоа во Прилеп, затоа што тој народ си го врати крстот таму, или некој Милчин стар комунист што кажува дека немало никогаш крст на тој сад. Имало, и само се врати тоа. Ако и смета на коалицијата тука нека дојде нека го извади некој. За средствата за јавно информирање што го

лажат народот, што треба да кажат за тоа оружје, господине Станковски. Тоа оружје е земено и за против мене и за против вас и против вашето дете. Но, требаше да се оградите сите вие од тоа. Сите го знаете вие како СДС.

Јас мислам дека на овој начин, со ова заплашување на народот еве два дена што гледаме овдека. Или реферати како во времето кога се носеа штафетите, или заплашување со војна. Е, сега ако се сака уште 10 години вака мене не ми се живее под и тие и таа моја околина таму под таков страв. Војна од кого, ајде да видиме, или да бегаме или да останеме или да се браниме. Ни се браниме, а војна. И луѓето, нормално прашуваат војна. Вечер ако зажеже некоја седница овде, одма некој воен филм или некоја воена репортажа и сите тие работи. Народот ќе го плашите, додека се плаши има граница,тоа не е... Само следното идеше кога ќе не брка народот од овде, што ќе биде за брзо време, ќе не брка од овој Парламент, нема да биде како минатите пати, дојди два три часа повикај и замини си народот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Фаик Абди има збор.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, за мирот и стабилноста на регионот во кој живееме, секако, од пресудно значење е и признавањето на меѓународниот правен и економски субјективитет, идентитет и индивидуалитет на нашата Република Македонија гледано од приемот во ООН преку одлуките односно предлогот на Советот за безбедност во ООН.

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Се чинеше дека Европската заедница заради поединечното право на вето на нејзините 12-мина ни помогна или се ослободи од обврската заради правото на вето препуштајќи не во ООН таа да даде придонес за нашето влегување во неа во асамблеата на народите од светот, но сепак испаѓа како да не е токму така, значи мора да се има отстапки, да бидеме флексибилни, да седнеме да се разбереме инаку беше кажано што може да се случи.

Сигурен сум дека се наоѓаме помеѓу чеканот и наковалната, сигурен сум дека нема граѓанин во Република Македонија кој во овие десетина месеци е спокоен и мирен. Сигурен сум дека имаме право на нашето единствено уставно име Република Македонија, но исто така сум сигурен дека дел од нашите соседи си ги изгубија нервите и парите, бидејќи ги имаат на претек, во спротивното, а вистината е една Македонија постои во неа во Република Македонија иако се расправаат, иако се расправаме овде многу жолчно сепак заеднички живеат и ќе живеат и Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Власите, Србите, Муслиманите итн. и уште доста други за разлика до нашиот јужен сосед кој кобајаги се плаши од нас да рече дека и во Грција живеат и Македонци и Албанци и Роми и Власи и Турци.

Да објаснам, завчера имав средба по нивно барање со новинарите од Грција, јас незнам дали денеска се тука, па откако помина официјалниот разговор и примањето почнавме приватен разговор па дури ме прашаа кој е идниот претседател на Република Македонија, па на приватен разговор дури дознав дека знаат многу за Ромите таму во Грција и дека празнуваат празник кој,се вика Едерлес, како ние што го викаме Едерлес сите. Потоа ги прашавме дали има Албанци, дали има Власи, дали има Македонци на

смееше си направивме една мала шала и испадна дека се има, но официјално се знае ставот на Грција и тоа е тоа. Ако е така, тогаш од што се плашат, од наводните наши територијални аспирации или од другите националност односно нации кои живеат во Грција, но ред е отворено да речат во што е работата.

Сакам да кажам едно свое мислење дека мислев, а и понатаму мислам дека не требаше да одржиме седница со ваков дневен ред. Сметам дека требаше да почекаме Грција што ќе каже односно грчкиот одговор, па потоа да седнеме и да се расправаме ако треба и цела ноќ да се разбереме како ќе постапиме. Вака гледајќи што се случи вчера и завчера, а верувам и денеска тоа ќе настане, јас констатира за себеси дека ова е време на губеше на нерви и време на криза на совеста. Овде вчера настана криза на совеста. Едните за непроменување и неотстапување од ништо, а другите левацитe како што не вика нас уа по сите и сега чија одговорност ќе биде поголема доколку се дојде до нешто несакано. Дали на тие што цврсто застанаа на ставот а тоа е ВМРО-ДПМНЕ и други дека не треба никакви отстапи за да можат потоа да имаат право пак да напаѓаат или одговорноста ќе биде на овие другиве како виновни пред народот, пред светот, пред државата итн. Тоа е голем знак на прашање. Но, доколку се успее чија ќе биде победата и дали треба да биде така. Јас мислев дека за ова прашање штом веќе се бара поставување на дневен ред дека во овој Парламент и во Република Македонија ќе има општ консензус без разлика на партиската и националната припадност, мислев дека ќе се поддржи таква теза која низ етерот ќе отиде низ целиот свет, а верувам дека нашито сосед Грција и денеска ја следи убаво сателитски нашата седница и подготвува стратегија како да излезе на крај со, да речам, нашата сиромашна демократија.

Овде од оваа говорница се говори дека не бевме доволно подготвени, дека немаме доволно подготвени дипломати, дека само еден-двајца ја водат таа работа дипломатијата, мислам дека ние овде меѓу себе се лажеме заради тоа што сме сите парламентарци, заради тоа што факт има постои дека од 15 јануари минатата година односно поминатата овде во нашата Република престојуваа најмалку 50-тина делегати и делегации од скоро сите земји во Европа, односен сите меѓународни организации и форуми, владини, невладини, партиски непартиски итн. доаѓајќи да разговараат и да видат што е тоа Македонија, кој живее во Македонија, дали и како се остваруваат правата на националностите според одредени меѓународни конвенции и пактови и сето тоа околу признавањето на Република Македонија.

Синојка на телевизијата ме воодушеви господинот Џон Битоф расправајќи се со еден свој комшија Грк, заборавив како се викаше човекот еве нека биде Атанасијадис или Популис или како да го речам нека ми прости и мислам дека господинот Џон Битоф убаво рече на една работа која овде на ова што се негира и за која сум длабоко навреден и јас и сигурно многу други во Македонија , да го парафразирам малку колку можев да запомнам, овде во Америка и Канада ако дојде на гости една бремена жена и ако се породи тоа дете е Канаѓанец односно американец, а овде на ова тло ние не сме подготвени, сеуште не сме подготвени да прифатиме една таква теза дека во оваа Македонија сите што живееме заради тоа што живееме овде, заради тоа што е ова наша држава дека сме сите Македонци и дека имаме свој национален колективитет Роми, Власи, Турци, Албанец Муслимани, Срби и што знам што уште.

Овде вчера беа искажани две работи кои мене лично многу ме тангираат. Го ислушав господинот Ламбе Арнаудов многу убаво, му се дивам на зборовите, на домаќинлакот во неговото искажување за неговата

грижа за Република Македонија, меѓутоа, она што го апострофира дека најмногу има да страдаат Македонците, се мисли по род, се друго ќе си остане Ром, ќе си остане Албанец, ќе си остане Турчин. Не е тоа тактика, така тактика не се прави господа. Вие мора да знаете онаа друга тактика како и сите овие други што не се православни со вас заедно да бидеме сите заедно заради одбрана на честа на оваа држава, моралот на оваа држава, моралот на тие граѓани и било што да се случи да бидеме заедно, а не дека овие ќе страдаат, овие нема да страдаат, тоа значи многу нешто во негативна смисла, мислам за вас е негативно.

Исто така и господинот Љупчо Георгиевски, нека ми прости, искажа доста работи и оваа работа исто така ја потврди. Вие на некој начин ја приватизиравте Република Македонија дека е таа само ваша и дека само вие можете да дојдете во некој ќорсокак, а се друго ќе ликува овде. Мислам дека се лажете, не е така, не било така ни за време на народноослободителната борба 1941-1944 година не било така ни по оној период кога од сите страни овде секој сакаше да направи нешто, ни 1948 година, па ни 1950-тата, па ни изградбата на земјата, никогаш не било така и понатаму нема да биде така. Вие сами не ќе можете да правите ништо, а сите заедно можеме и така ќе опстанеме. Мислам дека на Европа и на светот треба да му докажеме, да му дадеме пример поготово на нашиот јужен сосед па и на нашиот северен сосед и на било кој друг дека ние мораме ние живееме заедно и мора да бидеме единствени по прашањето на признавањето на Република Македонија и не треба да употребуваме такви нешта кои ги употребуваше вчера на телевизија претставникот на Грција. Големи напади врз Титоистичкатаи што јас знам каква политика односно Киро Глигоров. Тие го напаѓаат и ние овде го напаѓаме , каква коинциденција, тоа лошо се одразува на признавањето на Република Македонија, тоа лошо се одразува во сите меѓународни односно

дипломатски претставништва, кај сите дипломати во светот и сите се прашуваат што е ова со Македонија.

Господинот специјален изасланик на Бутрос Гали Мазовјетски кој немаше толкувач, тие што беа на разговор кај него знаат дека немаше толкувач, тој имаше свој толкувач многу беше заинтересиран за овие состојби што се случуваат во Парламентот односно во Република Македонија. Јас колку можев и колку умеев му објаснив дека можеби има погрешна претстава, можеби некој погрешно ја претставил оваа Македонија и тоа што една партија не ја признава Македонија јас еднаш кажав која е таа партија, таа не е присутна овде во Парламентот, меѓутоа, кај нас постои огромна желба без разлика на вера, без разлика на јазик, без разлика на култура, националност огромна желба сакање и барање оваа Република Македонија да опстане онаква каква што е во овие територијални граници и ништо повеќе и ништо помалку заради тоа што свесни сме ако настане нешто друго ќе дојде до раздор, ќе дојде до нешто најнесаканото, а тоа е војната на Балканот односно војна во пошироки размери, па заради тоа мислам дека правиме грешки во чекори.

Овде од оваа говорница се искажаа некои други работи кои се однесуваат на нашите внатрешни односи. Еве како што еден употреби една реченица и јас ќе употребам една реченица ве молам како колеги ве молам да ме разберете пак ќе си правиме здраво живо меѓу нас и ќе се респектираме наиме што сакам да речам дека оваа Република Македонија не е демократска, нема демократија во оваа Република Македонија, па дури се спомна дека овде е некој Пиноче. Такво владеење има во оваа Република Македонија, ако е така зарем може некој од оваа говорница д& изрече такви зборови. Веднаш ќе отиде во подрум и нема да се врати. Тоа е тоа, ако е така. Само не сме го нашле кој ќе биде Салвадор Аљенде, затоа

што знаеме што се случи во Чиле 1973 година Пиноче, Салвадор Аљенде и народот. Тоа нам ни пречи, тоа му пречи на светот, на ОН. Треба со поголем респект меѓу нас да гледаме и да бидеме подалекосежни во своите кажувања затоа што ние не сме сами во оваа куќа овде, во оваа наша асамблеа. Нас не прати секој и пријател и непријател и душман. Се рече дека нема да бидеме признаени се додека е оваа Влада овде, кога ќе има друга Влада тогаш. Како можеме така да речеме? Ние не смееме да правиме никакви грешки во оваа смисла чекајте ќе не признете тогаш кога ќе дојдеме ние на власт овде се комунисти или "сомунисти" се овие и си играме со името на нашата држава Република Македонија, си играме со просторот и сакаме на таа линија да добиеме некоја поддршка од некаде или од некого. Не смееме да играме комар со интегритетот на оваа земја, тоа е играње комар.

Падот на стандардот, сиромаштијата,бедата овде ги изнесуваме како грешка на овој Парламент односно грешка на владината коалиција Простете, зарем толку немаме наочари да си ги отвориме очите и да видиме каде се крие зајакот. Зарем толку сме неспособни да бидеме искрени и од овде да кажеме дека во оваа година ипол две има доста луѓе кои преку ноќ станаа богати. Едно време тие ги викаа воени богаташи некаде во 1924 година, затоа што ги отворија своите очи и знаат каде е денарот, каде се вади, меѓутоа, ние не можеме да се вратиме назад да бараме некое работничко самоуправување ако на една машина треба технолошки 5 нека бидат 15 па тука нека останат со таква продуктивност на труд со таква цена на чинење, тоа е сиромаштија ние немаме пазар. Нашите капацитети во Македонија не се направени само за Македонија, тие се изградени за еден поширок регион, таа бивша Југославија, да го употребам тој термин и нешто за надвор, еден добар дел за надвор. Ние сме ограничени и треба да бараме нови патишта, ние мора да имаме нова

технологија ние мора да имаме современа технологија, современо производство, современа опаковка, современа амбалажа, поволна цена на чинење, светска продажна цена и помала од таа светска цена е тогаш ќе земаме по 3 до 4.000 ДМ месечно, а за тоа ни треба време и ни треба пари, а не се согласувам со оценката на поединци овде кои говореа дека или кога ќе влеземе во ОН и кога ќе имаме потпора од Европската банка од Меѓународната банка на обнова и развој и од други финансиски институции, ние имаме долгови не смееме да ја задолжуваме Македонија имаме една милијарда и 100 долари не е таа бројка туку над 2 милијарди имаме долгови. Имаме долгови спрема штедните вложувачи на нашите граѓани и само со создавање на нова вредност така ќе ги вратиме долговите, само така ќе одиме напред, а да создаваме нова вредност ние мора да се задолжиме и треба да бидеме благодарни ако така биде да земаме кредити со помали камати, со нешто подолг рок на враќање за да бидеме рентабилни и ефикасни во стопанисувањето, а не од овде да шириме теза дека не треба тоа да биде така каква е таа нова економија? Се разбира бараме нов економски поредок. Пред се тој лежи во нас ние никако не можеме да се смениме во нашето однесување замислувајќи се како незнам какви големи стручњаци,а не знаеме ни како се прави лебот ни како се пече лебот. Поминавме низ школски студентски клупи, а не знаеме што е тоа. Слушнавме, напишавме теоретски и незнам како,ајде да се вклучиме долу во нашите фабрики. Бидејќи зборувавме за Законот за царини имам писма од повеќе организации, имам писма од мојата матична организација каде работам, меѓутоа, сигурно Sе дојде време и ќе разговараме за тие царини, за тие давачки, за увозот кој има право, кој нема право и се што се прави

врз база на тој увоз, какви се трансакции само да се дојде до некој профит и тоа го прават луѓето користат Устав.

Не се согласувам со изречување на заканување од оваа говорница, дека веројатно господинот Голубовски не мислел во душа така, меѓутоа, рекол. Тоа му пречи на народот. Сигурно и нему му пречи заради тоа што и тој е иритиран од нешто друго. Ќе дојде друга власт....

**ФАИК АБДИ: (**продолжение)

Ќе дојде нова власт па ќе правиме ова па ќе правиме она. Што ќе правиме, ќе не затвори некој ќе тераме, ќе правиме некој друг Голи оток, обичен оток. Немаме потреба овде од такво нешто. Ние мора да живееме заеднички луѓе. Значи ли тоа дека треба да се плашиме сите, ако дојде до промена на власта, сите ли ќе одиме на крајот на Голи оток, таму некаде во Америка. Кај треба да одиме? Мислам дека не треба така да размислуваме.

Се она што се збори овде на сметка на Република Македонија на сметка на коалицијата или мојот добар пријател Зендел како ја вика коалиција. Тоа и штети на Република Македонија, тоа ќе им штети на нашите внучиња, нашите генерации. Ние не знаеме како да се однесуваме овде. Мора да си призанеме дека дека вон од овие парламентарни клупи има многу паметни луѓе, има многу по паметни од нас. Сигурно кога ќе има нови избори ќе дојдат нови снаги овде и на подруг начин ќе резонираат, поинаку ќе се однесуваат. На Република Македонија тоа и треба. Но да почекаме да дојдеме до тоа признаваше на Република Македонија. Јас мислев да напишам едно писмо до господинот Бутрос Гали и господата новинари и тие што беа на конференцијата за печат и тие што не беа напишаа во два реда романистан готово и сега доаѓа до меѓунационален судир. Нас ни треба мир во Република Македонија, а не создавање на меѓунационален судир Почнаа зезање и зафркавање со ромите и тепање. На мене ми се јавуваат моите по телефон. Зарем тоа треба да се напише? Да се напише сржта на проблемот. Зборуваме за елементарни граѓански права на сите. Тоа беше целта и како пример Република Македонија, или пак да речам некоја друга ромска партија Фаик Абди е против признавање на Република Македонија, против уставниот поредок, не с за рамноправност на сите народи и народности. А, бре какви народи и народности имаме Устав и таму во Уставот е кажано што е. Имаме националности, немаме

народности, нема да се вратиме во социјализмот. нема враќање назад. Треба да учиме. Не да шириме политички билетентизам. А, тоа "некој го поддржува. Го поддржуваат тие што можеби не виделе добро. Можеби незнаат да гледаат поинаку.

И да завршам, да не ви одземам многу време, апелирам до сите вас господо пратеници за поголема парламентарна култура, за поисправно однесување, и направивме голема грешка што се сложивме да одржиме седница, а овде горе дури утврдена камера се да се следи што, како се јадеме меѓу себе си , создадовме нервози кај целата македонска јавност, кај сите граѓани на Република Македонија, а тоа му одговара на нашиот јужен сосед. Дали треба да обвиниме некого? Интересна работа, коинциденција, пак ќе повторам она што вчера слушавме гледавме на телевизија господинот Џон Битов и Маркос Атенијасцијадис, како се вика таму, и ова што се случува кај нас, нека ни е на час.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани народни пратеници, морам на почетокот да кажам дека посакував и очекував дека имајќи го предвид значењето на денешната тема дека сепак ќе смогнеме сили да изразиме едно многу поголемо единство на сите пратенички групи токму кога се работи на прашањето на меѓународното признавање на Македонија, што впрочем, патем речено, сме знаеле тоа да го направиме и тоа во пресудни моменти од нашето конституирање во самостојна независна држава. Да покажеме еден поголем дигнитет и дека ќе смогнеме сили ќе вербални дуели да ги оставиме, по бројни прашања, токму темите по тие прашања кога ќе дојдат на дневен ред на ова Собрание. Бидејќи веројатно тералните статистичари ќе констатираат дека повеќе од 50% од расправата се

дискутираше за се , а не за темата што е на дневниот ред и често пати сите тие аргументи само се користеа во функција на оспорување на конкретни решенија. А, сите се сложуваме дека историско е и времето и конкретната ситуација, а со тоа и шансата што ја имаат денешните генерации во однос на настојувањето на она вековна борба на генерациите пред нас, а и обврската кон идните генерации кои веројатно ќе се сложите прашање е дали ќе ја имаат оваа шанса доколку ние ја пропуштиме независноста и самостојност ана нашата Република да ја потврдиме со меѓународно признание и со прием во Светската заедница на народите.

Свесни за оваа историска одговорност на денешните генерации и на секој од нас поединечно, желбата за што поскоро меѓународно признание на РМ кај сите нас, а и пошироко кај граѓаните предизвикува соодветна вознемиреност, стравување и отворени дилеми и прашања: Дали направивме доволно и дали можевме повеќе. И, пред се, наоѓајќи се непосредно пред завршниот чин, а со тоа и пред новите блокади што патем речено континуирано го пратеа овој процес- дали го утврдивме вистинскиот пристап и дали го правиме правиот чекор во меѓународниот лавиринт кој под притисок на една или на друга страна повторно ни го наметнаа големите сили. И, веднаш би одговорил, дека сите тие стравувања и дилеми, па и отпори се сосема природни доколку произлегуваат од вистинскиот одговорен однос на секој од нас. Но, сосема е друго кога тоа се прави претежно или исклучиво и во оваа би рекол историска ситуација за партиски или личен рејтинг и промоција, за партиски меѓунационални конфронтации кои имаат цел само за себе. Тоа за мене претставува неприфатливо и неодговорно во конкретната ситуација. Со други зборови да се негира и отворено изразува сомневање за се што е направено досега па дури и отворени сомневања и прогласувања за предавници на македонската кауза длабоко сум убеден дека не може да биде конструктивно и во функција на меѓународното признавање на Македонија.

А сето тоа најчесто се прави без изнесување на било какви аргументи во стилот на толку познатите примери не само во нашата поранешна историја но и денес се поставува однапред прво целта, а потоа во нејзина функција се издвојуваат и изнесуваат само оние елементи кој таа цел ја оправдуваат. Последиците се секогаш јасни и досега многу пати во нашата историја потврдувани. Конфронтации, меѓусебни оптужувања и сомневања, практика која била секогаш војна на антимакедонските сили, кој верувале дека само врз македонскиот раздор врз меѓунационалните судири може да ги остварат своите големи државни националистички цели - Македонија да ја денационализираат, делат, разделуваат поробуваат, ограбуваат и обнародуваат.

Зар можеме да бидеме толку слепи пред сопствената историја, затворени и заблудени во своите тесни партиски интереси и конфронтации заслепени во својата борба за власт и да не водиме доволно сметка за своите настапи и ставови та го доведуваме во прашање она, најиконското, што би рекол, опстојување на нашиот народ и на нашата држава. Зар е можно да биде прифатливо било кој партиски или политички интерес и однос кој директно или индиректно го загрозува националниот, односно државниот интерес на Републиката.

Со други зборови, како никогаш досега не била толку изразена потребата да бидеме единствени и во овој плуралистички амбиент. Не да докажеме колку сме големи македонци, но дека ни се доста тие делби и поделби толку присутни во историјата кога е во прашање опстојвуањето на нашиот народ и нашата држава. И без меѓусебни навреди, одговорно и реално да ја процениме конкретната ситуација за да можеме заеднички да изградиме единствени определби, а тие единствени определби не можат да бидат ништо друго, сме она што во дадената ситуација е најприфатливо за нашиот народ и за меѓународното признавање на нашата држава.

Пред оваа основна цел која сите треба да ја поддржиме, треба сите партиски и лични интереси па и разни нарцисоидности што се појавуваат да замолчат и нестанат.

Не го потенцирам ова за прв пат само јас од името на пратеничката група на Социјалистичката партија, тоа го сторија во досегашните дискусии и други пратеници во парламентот и надвор од него. Зар не го слушаме општиот повик кој доаѓа од граѓаните од Сојузот на студените, од бројни организации во парламентот да преовлада конструктивен дијалог, дијалог на аргументи за постигнување на анационален политички консензус во овие историски моменти за опстојвуање на нашата држава. Да престанеме да се делиме во стилот на класичната поделба во парламентот на позиција и опозиција и кога мораме единствен при тап да имаме по однос на меѓународното признавање на Македонија. Зарем може да има позиција и опозиција по меѓународното признавање на РМ. Не можам да поверувам дека можат да постојат партии, политички сил граѓани, поединци, посебно во парламентот кои се декларираат како народни претставници, а да бидат против меѓународното признавање на Република Македонија.

Меѓутоа, во оваа, на моменти, вжештена меѓу партиска и меѓунационална атмосфера во работата на парламентот се добива впечаток свесно или несвесно вештачката дилема која е поставена во меѓународната заедница за името на нашата Република, постепено како да се сака да се пренесе во нашата средина. И, како да се сака да се наметне вештачки прашањето или постоењето на дилема дека и овде и меѓу нас има пратеници и поединци, па и партии, кој се спремни дури и името да го жртвуваат на Републиката само да бидеме меѓународно признати.

А тоа се настојува и денес кога макотрпно, но како никогаш досега во светската јавност македонското прашање да добие таква гласност и поддршка, кога конечно Македонија во светот е пронајдена на меѓународната карта, а со тоа и македонската вистина кога скоро на секој му е јасно дека спорот околу името на Македонија е само параван, вешто наметната игра, чија суштина е бришење на идентитетот на еден народ во која функција противниците на неговата независност низ историјата и денес сееле и сеат бројни заблуди, бројни невистини и кој сакаат да не претставаат како држава без историја, како вештачка творба и анационална, а со тоа секогаш македонското прашање да доживее судбина на малите народи кои во историјата исчезнувале. Зар некој може да тврди во оваа сала и да се сомнева дека некој во оваа сала не сфатил дека борбата за меѓународното признавање на Македонија е всушност борба за дефинитивно и историско разјаснување на македонското прашање? Зарем некому во оваа сала треба да му се докажува дека спорот не е во името, дека тоа е длабоко суштински и дека борбата за нашето не само уставно туку и историско и вековно име е всушност борба за нашето опстојување заради што и името мора да остане.

Затоа по мене дилемата не е задржувањето на името или меѓународно признавање, туку на кој начин во конкретната реалност во односите на силите во меѓународната заедница и на Балканот, да се избориме за меѓународно признавање под сопствено име, Македонија, а со тоа и за македонската историска вистина. Во тоа име предлагам не ретките негаторски и ниќелистички односи, projавени, кон се она што сме постигнале досега, повремениот цинизам, меѓупартиски и меѓунационални искри, навредливи односи да ги замениме со еден реален и конструктивен приод за да не ни се случи самите да ги урнеме оние цврсти столбови кои

макотрпно беа градени во изминатите две години за нашата државнсот, самостојност и сувереност и за нашето меѓународно признание. Во таа функција би потсетил:

Прво, дека се определивме европските принципи, принципите на Обединетите нации за стекнување на сопствена независност и сувереност. И тоа се определивме во услови на воено опкружување на Република Македонија, во услови кога всушност сегментацијата на Југославија се остваруваше со паралелен процес на транзиција во нов систем кој во тој процес всушност едно време водевме битка и за меѓународно признавање. И, во тие услови го организиравме општо народниот референдум, ја донесовме декларацијата за сувереност, го донесовме новиот Устав во кој блебисцлитно ја вградивме слободно изразената волја на граѓаните како една од основните и гарантирани демократски права на секој народ во светот на самоопределување.

Со други зборови станавме независни по мирен и легитимен пат. Ги исполнивме сите услови за меѓународно признавање, потврда за тоа даде и ЕЗ и Советот за безбедност во ОН. Е, сега ве прашувам вас почитувани пратеници. Зарем е можно сето тоа да се негира? Зарем е можно сето тоа да се негира од нас кога целиот свет тоа го признава и потврдува? А на тој пат, како што ви е познато моравме да минеме и да докажеме дека Македонија не претставува никаква опасност за никого на Балканот. Напротив може да биде само извор ан стабилност. За да искажеме дека оваа мала држава и овој народ во својата историја никого не загрозиле. дека овој народ од два милиони жители кои сега конституира своја држава со своја армија, дипломатија (реакција на некој пратеници во салата дека има шест милиони македонци) .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, молам, ќе добие секој збор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Говорам во рамките на Република Македонија. Овој народ во Република Македонија кој брои два милиона жители, кој нема се уште конституирано своја дипломатија, своја војска, кој е економски не развиен во однос на сите други држави на Балканот, не може да биде опасност за една Грција која брои десет милиона жители, која е членка на НАТО, која економски развиена, со економски и политички лоби кој го има во светот.

Но, но дека таа и таква мала држава денес како горостас израсна во светот, како рамноправен партнер на сите големи сили, не затоа што таа исто беше голема држава како и тие туку затоа што вистината и правдата беа на нејзина страна и затоа што таа и таква Македонија ги принуди 12-те нај развиени држави во Европа да ја повлечат својата Лисабонска декларација, ги принуди тие 12-мина да не можат непринципиелно да одлучат за Македонија доколку сакаат да ги почитуваат сопствените принципи и сопствената совест. Да таа Европска заедница потврди дека Македонија ги исполнува сите услови за да ја признае својата немоќ, до крај принципиелно да издржи во својата постапка.

Сето тоа треба да го имаме во предвид кога расправевме и денес и кога ги совладуваме последните препреки што се јавуваат а што преставува и уште една потврда што од почетокот го знаеме дека процесот на нашето меѓународно признание нема да биде ни лесен едноставен.

Поаѓајќи од сето ова веднаш би сакал да се определам како спрема информацијата што ни беше поднесена од Владата, така и во однос на предложената Резолуција од Советот за безбедност. Ценам дека информацијата е реален пристап и приказ на севкупните наши активности, меѓутоа таа содржи и реална проценка на решенијата штос е нудат во резолуцијата на Советот за безбедност со сите дилеми и опасности кои тие решенија ги содржат. Затоа и не сум како некои пратеници што се изразија ниту воодушевен, ниту задоволен од односот на членките на Советот за безбедност изразен во предложената Резолуција. Но, едновремено не сметам дека целта на нејзиното прифаќање е наше национално предавство "кршење кичма или конечно просудување за судбината на Македонија". Но, не можам, а да не го изразам своето разочарување, а мислам не само јас туку секој граѓанин на Македонија така и се чувствува денес од односот на членките на Советот за безбедност за меѓународното, признание на Македонија и истото тоа да го оценам како своевидно лицемерие, како инаку може да се оцени нивната определба дека ги исполнуваме сите услови за меѓународно признание, а истото тоа да го доведуваат во прашање заради името кое го носиме, а со тоа свесно ги кршат и основните права на секој народ, на неговото сопствено определување вклучувајќи го и правото на определување на сопствено име.

Но, почитувани колеги мислам дека она што денес на расправата треба да го имаме, да се судриме со една реалност и да изградиме една нова стратегија, пред се за нашата натамошна битка што треба да ја водиме на меѓународното признавање на Македонија. Тоа е таа реалност, реалност е што оваа Резолуција што ја предлагаат три најразвиени членки на Европската заедница, реалност е што таа резолуција е поддржана од САД и од Русија, реалност е, не навлегувам во можеби критичките оценки

кои што може да се дадат во која мера нашата дипломатија успешно парирала на грчката дипломатија, во која успешно таа ги промовирала сите наши ставови, во која мера таа имала навистина реално услови да влијае на овие дипломатии на европските заедници. Меѓутоа објективно е дека оваа Резолуција најмалку е она што го очекувавме и тоа го прифаќаме и мораме да го прифатиме исклучиво само како наметнати решенија затоа што и во тие наметнати решенија мора да гледаме простор кој што обезбедува не запирање на преговарачкиот процес за меѓународно признавање на Република Македонија. Всушност и ваква формула во дадената ситуација ценам дека е прифатлива за нас и покрај тоа што ја прифаќам како наметната, неочекувана, меѓутоа сепак создава услови преговарачкиот процес да продолжи и да се избориме аз оние трајни определби кои што како Република, како држава и како парламент јасно сме се определиле.

Затоа за мене токму од оваа конкретна реалност на определеност на нај развиените држави на Европа и во Советот за безбедност од една страна и Република Македонија со постојниот статус и можностите за влијание се поставуваат неколку основни прашања и мислам дека тука по мое мислење треба да ги сконцентрираме нашите договори и одговори.

Прво и основно дали постојната солуција што се предлага во преговарачкиот процес, натамошниот преговарачки процес, значи губење веќе сега на нашиот национален идентитет и интерес, губење на сопственото име.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

И дали, и во какви услови во кои што, сега ни се создадени се сепак, се создаваат некои услови и доколку смислено ги искористиме и се организираме, ценам дури можеме и да ја затнеме нашата преговарачка позиција во натамошните процеси на договарања со соседна Грција и да се избори место за опстојни наши определби. Затоа мислам дека едновремено поставувајќи го ова прашање, секако се отвора и второто прашање, дали таа позиција би била посилна до колку ја одбиеме оваа резолуција, односно дали таа солуција што се нуди во двете варијанти би била поголема опасност за Република Македонија и за изборување на нашиот меѓународен статус. Бидејќи веднаш да кажам дека е непосреден фактот дека и во едната и во другата варијанта и во прифаќањето и во одбивањето се присутни бројни опасности и неизвесности. Мислам дека сите ние овде за тоа треба да бидеме свесни. Врз тие основи и врз тие проценки ние треба да ја градиме сопствената стратегија за нашите преговори со Грците во натамошниот преговарачки процес. Од тие причини јас предложив да чуеме информација, да ги добиеме материјалите, и да не водиме расправа кога камерите од соседна Грција ни се уперени во секој збор, туку овде да разработиме јасна стратегија како ќе ја водиме битката во наредниот период, бидејќи единствено и тоа ни останува.

Ќе се сложите дека во првата варијанта, до колку ја прифатиме оваа резолуција опасностите лежат и никој не може да даде гаранција дека тој процес во недоглед може да се одолговлечува со признавањето на РМ. Дека може да се појават бројни уцени и знаме и устав и се она што досега беше потенцирано. Меѓутоа во сите тие разговори, во целиот тој процес Македонија ќе учествува како меѓународно призната држава, како рамноправна членка на ОН , како<рамноправен партнер со Грција и сите што ќе учествуваат во тој процес. Опасностите постојат, меѓутоа, вентилот не се затвора, не се одлага во недоглед признавањето на Република

Македонија. Според тоа со наши аргументи, со она што досега ја убедивме ЕЗ и целиот свет мислам дека имаме доволно простор и аргументи да ги збедиме сите во македонската висина и„висината на РМ.

Што ако ние ја одбиеме оваа резолуција? Прекинуваат сите преговори, дури би можеле да ги изгубиме и веќе стекнатите позиции бидејќи Советот за безбедност, едно е името што го предлагаат провизорно, меѓутоа факт е дека прв став на Советот на безбедност е дека РМ ги исполнува сите услови. Дали ќе се откажеме и од оваа определба од Советот за безбедност? Тоа би значело ново враќање на почеток во расправите, прекинување можеби на односи и договори и неовозможување на билатерални разговори со Грција, а и во таа ситуација и натаму ќе останат сите уцени, отворени прашања со Грција и сите тие прашања ќе мора да ги решаваме и да се обидуваме да докажуваме како меѓународно непризната држава и не членка на ОН.

Претпоставувам дека одговорот на ова прашање, што е поприфатливо за нас, иако мислам дека дилемата тука не треба да постои кај нас, дали со оваа резолуција всушност се губи нашето историско исконско име Македонија. И дали провизориумот што се предлага од Советот за • безбедност значи наше привремено или дефинитивно име? Не би можел да се сложам дека оваа резолуција е конечен збор на Советот за безбедност и дека со неа го губиме нашето сопствено име на нашата држава. Не би можел да прифатам провизориумот што се предлага како привремено име на Македонија може да биде привремено име на Македонија ниту сега ниту било кога, бидејќи Македонија останува со сопственото име. Провизорното име ќе служи во рамките на ОН. Знам опаската и опасности произлегуваат, свесен сум за тоа, дека може тоа да се трансформира во нешто сосема друго.

Меѓутоа мудроста на една политика, мудроста во преговарањето е токму тоа да се осуети, да се спречи било какво другачие толкување за РМ било каде што ќе биде преставена во Европа и во светот да биде претставена под своето легитимно име РМ, во билатерални, мултилатирални контакти. Затоа мислам за мене е сосема прифатлив' енергичниот став на Владата на РМ кој што категорички изјавува дека под никакви услови овој провизориум не може да биде прифатен како име на нашата држава и дека не може да се поврзува со било каков карактер на значење на зборот Југословенски. Меѓутоа основно прашаше е дали е ова конечен збор и дали е ова затвораше на вратите или не. Тоа зависи од нас. Лично сум да продолжат преговорите, бидејќи само во еден преговарачки процес можеме достоинствено да се избориме со сите наши конкретни определби. Јас не ја прифаќам декларацијата како конечен збор на Советот за безбедност, како конечно пресудување на РМ. Исто така како што не можам приговарачкиот процес како посредништво дека има исти третман како арбитражата. Напротив, ако сакате и она што Мицотакис го изјави во тој преговарачки процес во секое време и ние можеме да се повлечеме до колку бидеме ставени под притисок или без условно прифаќање на некои формулации и повторно да се вратиме на почеток, како што можеме со одбивањето на оваа револуција повторно сега да се вратиме на целокупната наша активност во ОН на самиот почеток. Затоа мислам дека треба реално да ги оцениме и јас се определувам дека мора да продолжи преговарачкиот процес и во таа функција очекував и на денешната седница многу повеќе простор да посветиме на нашиот договор, на кој начин нашата дипломатска и вкупна активност во наредниот период многу поуспешно и многу по организирано да ја организираме. Да се подготват екипи експерти кои што ќе бидат преговарачи во целиот овој процес. Мислам дека е и крајно време нашите дипломатски претставништва барем во овие десет

држави што не признаа да бидат отворени. Исто така мислам дека е крајно време да издаде една публикација од било кое министерство на Владата да излезе за Македонија, па наречете ја таа "бела книга", па "црна книга или туристички проспект за Македонија во која што ќе бидат дадени основните показатели и информации за тоа која е таа РМ, за што се залага со кои аргументи излезе пред светската јавност за меѓународно признава! Како што претпоставувам, градење на една платформа што ќе значи мобилизираше на сите субјекти и стопански и културни и политички и спортски кои сите ќе бидат ставени во функција на меѓународното признавање на РМ. Мислам дека во досегашниот период недоволно тоа максимално го искористувавме.

Во тој дух би предложил , расправата,по мое мислеше, би требало да покаже поголемо единство, за што расправата ја водиме за опстојување на нашиот народ и на нашата држава. Можеме критики да упатуваме, можеме да даваме забелешки на досегашниот тек на активности* меѓутоа кога е во прашање националниот државен интерес дајте заеднички да изразиме единствен поглед за да водиме единствена битка за тоа признавање, бидејќи сите граѓани без разлика на која партија дале поддршка од сите партии тоа го очекуваат и таков однос треба да покажеме во оваа расправа по повод меѓународното признаваше на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа.

Како никогаш досега не побуди голем интерес расправата во македонскиот парламент како овој за прием на Република Македонија преку Советот за безбедност во ООН.

Погрешно е да се мисли дека со донесувањето на Уставот на Република Македонија во ноември месец 1991 година значи самостојна и суверена држава РМ, туку само потврда оти државноста на Македонија е поставена на првото заседание на АСНОМ на 2 август 1994 година, во Манастирот Прохор Пчински. Тогаш дел од суверенитетот на државата Македонија е пренесен на бившата СФРЈ. По распадот на истата ние како држава; повторно си го повраќаме пренесениот суверенитет на самостојна и суверена држава, а како резултат на тоа е признанието решение на Бадантеровата комисија формирана од Европската заедница на почетокот на 1991 година која кажа дека единствено Словенија и Македонија ги исполнуваат условите од поранешните југословенски републики да бидат меѓународно признаени.

Кога по повеќемесечно би рекол 16 месечно разгледување за меѓународно признавање на нашата Република од страна на Европската заедница не успеа да ја уврсти во европско признати држави ова прашање на меѓународно признавање на нашата држава, истата таа европска заедница ја префрлува топката за признавање во ООН. И тука се сретнуваме со истите проблеми како и порано на Европската почва поради непочитувањето и непопустливиот став на Грција, поради името Македонија, а можда во наредниот период ќе се јават и други моменти кој што ќе го сопнуваат нашето меѓународно признавање на прво место, знамето, грбот бришењето на некои членови од Уставот на Република Македонија , да се откажеме од нашето македонско малцинство во соседните земји, а можда и уште што не со цел да се одложи меѓународното признавање на нашата држава.

Ако се откажеме од нашето уставно име Република Македонија и овој пат го дополниме со поранешна југословенска Република Македонија, што ќе речат тие десетина земји наши пријатели кој досега не признаа било тоа да се со поголем или помал ' меѓународно влијание како што се: Русија, Турција, Бугарија и други, а, за каков народ и држава ќе не сметаат сега тие нас?

Иако нацртот резолуцијата на трите европски земји членки на европската заедница Велика Британија, Франција и Шпанија беше предмет на дискусија но не така интензивно како сега пред извесно време, ние содржината на таа резолуција не ја знаевме се до вчера,односно прекчера кога на инсистирање од претходниот ден од повеќе пратеници ултимативно побарано да ни се достави пред нашите очина увид. Дури од некои пратеници од коалицијата ни беше сугерирано дека таа резолуција е толку променлива:дури и да не треба да се разгледува овдека пред овој Парламент. Имено, во таа нацрт резолуција ни се наметнува привремено име на поранешна југословенска Република Македонија со таканаречени мали букви на првите два збора и која ќе се применува во ООН и тоа само два месеци, а воедно Арбитражната комисија која тука ќе се замени со некоја посредничка комисија или мисија најверојатно со поранешните членови на Лорд Овен и Сајрус Венс или можда некој друг кој во одредени временски периоди ќе одлучат, ќ е пресудат за конечното име, а веројатно и за други промени што ќе произлезат од Уставот, законите и други одредби како што рече и самиот претседател на Република Македонија Господин Киро Глигоров на вечерното обраќање на нацијата преку телевизијата на 30 март оваа година, Тоа значи, исцело мешање во внатрешните работи на една суверена држава која со ништо не го навредува или загрозува суверенитетот на други соседни земји., а најмалку нашиот јужен сосед Република Грција.

Мене само едно ме чуди, возможно ли е тоа да ние претходно не сме се согласиле за ова времено име на оваа Нацрт- резолуција на трите

членки на Советот за безбедност, па сега по неа и почнале да расправаат во Советот за безбедност на ООН. Ако владата на Република Македонија,претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров и самиот македонски парламент се против промена на името под поранешна југословенска Република Македонија, тогаш од оваа седница треба да произлезат заклучоци, или резолуција за неприфаќање на промена на името на Република Македонија.

Мислам дека оваа промена на името во поранешна југословенска Република Македонија е многу пострашно од порано, промената на името кое ни беше предлагано пред Единбург ^Република Македонија со додавката "Скопје", во заграда или во неа.

Сеуште јас како пратеник не сум сигурен во тоа, треба ли ние да го промениме името на РМ во поранешна Југословенска Република Македонија или пак не. Во вечерното излагање на претседателот на Републиката двојбено ни рече, тоа може да се однесува само привремено во рок од 2 месеци. Истиот ден Владата на РМ категорична беше дека воопшто не се прифаќа никаква промена на името РМ. Во овие изминати четири денови овој Парламент расправа за оваа измена дали треба да се прифати или не. Од едната страна пратениците на коалицијата двојбено, од една страна не се за промена на името, но сепак треба да го прифатиме променувањето на името поранешна Југословенска РМ, поради благодетите кои што ќе уследат од тоа времено, таканаречено времено признавање. Меѓутоа мислам дека средствата за информирање отиде нешто многу понапред во изминатите неколку денови, стално инсистираа со најавувањето на промена на поранешна Југословенска РМ, а дури деновиве, односно и денеска утрово на радиото дека едино проблем во Советот за безбедност можеби ќе биде само и знамето. Значи името веќе го заборавивме оти сме се согласиле за промена во поранешна Југословенска РМ. Сега доаѓа на ред знамето, а можда во текот на наредните дискусии, ако се остварат ќе дојдат други промени и од Уставот, законите итн.

Организацијата на ООН имаат универзален карактер што значи опфатност на сите држави во светот. Токму поради тоа се предвидени симболични услови за прием во членство на нови држави под услов да бидат;мироЉубиви, да ги прифатат обврските од повелбата на ООН и да се способни да ги остваруваат тие обврски. Значи, цел на светската организација е во востановениот систем на колективна безбедност да ги вклучи сите држави и со тоа да нема посебни рестрикции. Со други зборови влегувањето на Република Македонија требаше да претставува вообичаена акција на македонската дипломатија.

Што се однесува до неприфатливите барања на Република Грција за промена на името, нашата дипломатија требаше тој проблем да го поврзе токму со обврските на Грција како членка на ООН во своето меѓународно однесување, принципот на немешање во внатрешните работи на другите земји, почитувањето на правата на рамноправност и на правото на самоопределувањето на народите кое подразбира не само право на македонскиот народ да создаде своја суверена и независна држава, туку да се здружува или интегрира со други независни држави и да воспоставува сопствен облик на општествено уредување.

Декларацијата на ООН со кое се утврдува ова право на самоопределување подразбира и обврски на сите држави да го почитуваат правото на народите на самоопределување и да се воздржат од активностите кои би лишавале одделни народи да го остварат нивното право на самоопределување, слобода и независност. Токму акцијата на Грција против приемот на Република Македонија во ООН требаше да се истакне како загрозување на меѓународниот мир и безбедност од нејзина страна. На место тоа Грција успеа да се пробие со својата теза дека приемот. на Македонија под нејзиното уставно име ќе го загрози мирот на Балканот со цел за да биде цело време во контранапад. во однос на нашата млитава и неенергична дипломатска акција. Грција го правеше она што требаше ние да го направиме и секогаш не доведуваше до ситуација да бидеме чекор назад зад нејзините акции.

Грција од своја страна, а тоа ние требаше да го истакнеме во Советот за безбедност, вршеше блокада на транспортот на нафта од Солунското пристаниште, а од друга страна српските цистерни непречено ја минуваат македонско- грчката граница, за да се враќаат низ Македонија или преку Бугарија со декларација дека превезуваат нафта за Босна и Херцеговина.

Тоа беше отворено кршење на Резолуцијата на Советот за безбедност за воведување на економско ембарго против Србија.

Грција отворено ги крши одредбите на општата декларација за човекот и граѓаните посебно во однос на правата на националните малцинства што живеат во неа, посебно на македонското кои не можат да ја изразат својата национална припадност, да го употребуваат својот мајчин јазик да се организираат и слично. Наспроти тоа Грција превзема репресивни мерки како што е во последниов случај против двајца членови за човечки права Ристо Сидеровски и Ташко Булевски кој се осудени на казна затвор од 5 месеци заради јавно изразување на својот национален идентитет.

Мене досега почнувајќи од 1945 година до денес не ми е познато да некој граѓанин на Република Македонија со тоа што си го искажал националното однесување да биде од постоечката власт малтретиран, осудуван, затворан поради тоа што ќе си го каже својот национален идентитет да речеме албанец, турчин, ром, влав, србин итн., па затоа ова уште еднаш нека биде во прилог на нашата демократија во Република Македонија што треба да се запознае Европската заедница и Советот за безбедност во ООН каква членка која има поднесено барање за прием во светската организација е Република Македонија.

Во недостиг на друга документација македонската дипломатија можеше да се послужи со извештаите на Американскиот стејдепартмен за положбата на човековите права во Грција во кој беше утврдено без оглед на1 фактот дали тој број на Македонци што се споменуваше во извештајот е точен или не дека во Грција постојат околу 60 илјади Македонци кои немаат можност да ги остварат тие човекови права. Наместо тоа ние доживеавме грчките средства за информирање да почнат да пишуваат за наводното постоење на над 100 илјади Грци во Македонија.

Мора да се констатира една жалосна состојба во поглед на пропагандното и информативната дејност на македонската актуелна гарнитура во поглед на изнесувањето на вистината за поделба на Македонија со Букурештанскиот мир од 1913 година односно за разобличување на грчките ставови и нивните напори за неприфаќањето на името да се сокријат историските факти како е дојдено до случајот во поголемиот дел од етничката територија на Македонија да остане во Грција, обврските на Грција што ги имаше прифатено кон Македонците според тогашното друштво на народите и слично. Во оваа смисла никој не може да го негира фактот дека здружението на децата бегалци во граѓанската војна, здружението достоинство, го направија првиот чекор со изнесувањето на

низа документи за вистината за македонците во беломорска Македонија на конференциите на КЕБС во Копенхаген и во Москва, многу поголем од нивните сиромашни финансиски можности и многу поголеми акции од целата администрација на Министерството за односи со странство или Министерството за информации на Република Македонија. Токму активноста во запознавањето на земјите учеснички на ЌЕ0С во Копенхаген придонесе Данска исцело да ги поддржува праведните заложби за прием на Македонија во ООН или за признавањето од страна на Европската заедница.

Се поставува прашањето колку Македонската влада беше заинтересирана за извештаите на претставниците на Комитетот Хелсинки Воч или Хелсиншката федерација, која ја посети Беломорска Македонија и на самото место ја согледа положбата на македонското население. Јас уште еднаш ќе истакнам дека во политиката и во трговијата нема ни симпатии нити љубов, туку, само интерес и во овој случај околу признавањето на Република Македонија било тоа во Европската заедница или во Советот за безбедност на ООН постои само интерес кој што ние како Република Македонија(како дипломатија на Министерството за надворешни работи треба да го знаме, да бидеме бескомпромисни во настојувањето за приемот на Република Македонија во редот на државите во Европа и светот под нејзиното уставно име Република Македонија.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници.

Ја чувствувам македонската гордост во себе си со самото земање за збор по оваа точка, во овие значајни моменти за битисувањето на македонската држава. Се надевам дека тоа е чин со кој ќе се придонесе да се изгради еден заеднички став кој е нужен да се има ако се сака да се постигне целата за што го имаме легитимитетот на нашите бирачи, а тоа е дооформувањето на македонската дражва.

Тоа е тој интерен фактор кој досега, за жал, не сме го постигнале по многу прашања. Но, сега, тоа е неопходно.

Внатрешната меѓусебна консолидација, цврстината на заедништвото ќе треба да ја покажеме и со една цврстина и сплотеност на сите граѓани на Република Македонија. Тоа ни е како пример треба да го кажеме и во ова Собрание. Сигурен сум дека сите присутни пратеници го делат мислењето дека ние сме Република Македонија и ништо повеќе или помалку.

Но, интерпретацијата на тоа е многу различна и затоа доаѓа до овие меѓулични, индивидуални судири што мислам дека треба веднаш да престанат. Не треба да дозволиме да го кршиме македонскиот дух кој пости во нас, кој не обединувал во овие 13 векови на овие простори и кој допрва треба да покаже како истиот изгледа. Тоа е македонскиот вековен непокор кој мора да го зацврстиме со само признавањето на постоењето. Отстапки тука нема.

Другата страна на проблемот со признавањето е екстремната димензија. Таа е детерминирана со досегашните заложби на Европската заедница која понуди повеќе решенија за ,југословенската криза, како и за македонското прашање кои за жал досега не најдоа примена. Само тоа ја покажува нивната нереалност и неодговорност за човечкото постоење на овој простор.

Кога е увидено сето тоа, таа нивна немоќ, целата постапка е префрлена во ОН. Во целост задоволената постапка за прием во оваа светска асамблеа одненадеж станува нереална. Моралната страна на членовите од Советот за безбедност е сега ставена под голем прашалник. Дали во овие пазарни услови на опстојување истата нема добиено нов тоналитет, првенствено, знаејќи ја економската сила со која Грција настапува во решавањето на овој проблем. Но, сепак, македонскиот дух во сите нас е поголем од секоја материјална сатисфакција, а тој кога и да е, ќе биде победник.

Единствена светла точка и наш најголем капитал е извештајот на Бадинтеровата комисија кој децидно кажува дека као држава ги поседуваме сите аргументи за вклучување во меѓународните институции, како и за меѓународна комуникација.

Како овие искажани елементарни елементи од врвните правни стручњаци во Европа не се почитувани и вреднувани, исто така и прифатени од владејачките гарнитури на повеќето европски земји , го поставувам прашањето дали во тие земји се одвива правилен правен поредок, демократија за која истите громогласно се залагаат.

Третиот елемент што го издвојувам како издвоен случај е самата Грција. Историските факти тука нема да ги образложувам, но тоа го оставам да го средат компетентните историчари од двете страни. А јас, единствено би ги потсетил Грците дека тие го имаат својот голем мислител, оратор, филозоф, учител, Демостен кој доста се занимавал со македонскиот проблем, кој своите мисли ги забележал во познатите "филипики". Тоа се непобитни факти а пред фактите и боговите молчат.

Како дополнение би се задржал и на самиот тек на оваа седница, чие четврто продолжение, за жал, покажува да по основ на дадената информација дел од нас пратениците не приоѓа продуктивно со дополнение на истата, како и забелешки на истата не се заменуваат не се заменуваат

со нови идеи за решаваше на овој проблем, туку сето тоа преминува во меѓулидерска борба. Повторувам, меѓулидерска борба. За освојување на оваа власт.

На крајот, како пост-скриптум би се задржал на еден фрагмент од дискусијата на господинот Љупчо Георгиевски кој ја осуди Владата зошто досега не презема активности за промени на улиците и обележјата што асоцираат на југословенскиот карактер на постоењето. И, би кажал дека тие активности не се во ингеренции на Владата, туку во единиците на локалната самоуправа, градовите и општините, што како лидер мора да го знае а и да го потсетам дека веќе таква иницијатива се покрена и во Собранието на општина Битола, токму од дел од група одборници на ВРМО-ДПМНЕ, кое барање сега стручно и научно се обработува. А, за самата брзоплетост на ваквото барање е и примерот што и покрај имињата на улиците, училиштата со југословенски карактер што е барано да се променат, исто така е барано да се променат имињата на Пецо Божиновски, првоборец од блиската историја и името на Гаврило Радомир, син на Самоил од постарата историја.

Исто така, го издвојувам и мислењето на еден од албанските пратеници, кое за жал не го забележав, дека "ние ќе бидеме онолку македонци колку што сакаме". Морам да кажам дека сакаме и тоа многу сакаме, не само македонци кои опстојуваат на овие простори, туку и секаде каде што не има во светот.

Постојните проблеми со немањето на одредена доверба кон 0М0 Илинден и Светскиот македонски конгрес чиј претседател е господинот Џон Битов, оспорувани од одредени македонски поединци, сигурно ќе се надминат, зошто тоа е и нашата уставна одредба за грижа на македонците во дијаспората, со кое ќе го зацврстиме нашето вековно постоење и опстојување.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, информациите за состојбите околу меѓународното признавање на Република Македонија односно за нејзиниот прим во ОН, пресудна за анализата што треба да ја направиме пред изборот на нашите идни чекори на тој план не потекнуваат ни од вчера ни од пред месец дена туку речиси пред цели две години.

За тие состојби сме расправале барем најмалку десетина патр а парламентот за нив расправаше пред 30-тина дена, на 55-та седница. Тогаш донесовме заклучоци со што да се позанимаваме и да работиме понатаму, но воедно, во периодот до денеска како пристапувавме и се договоривме да ги почитуваме.

Познато е дека изгласувањето на референдумот и донесувањето на Уставот на Република Македонија, Република Македонија практично ги исполни сите услови за меѓународно признавање што се потврдени од Бадинтер. Меѓутоа, познато ни е на сите какви пречки стоева и на какви препреки наидувавме и што се се појавуваше на патот за нашето признавање во Европската заедница, кое што и го доби мандатот од ЌЕБС да одлучува по тоа прашање,

Членките на ЕЕЗ не можеа да го избегнат правото на вето за кое добро ни е познато од страна на Грција, а и обврските што на некои од нив ги имаат спрема нашиот северен сосед, па дури по скоро две годишна блокада со активностите на нашата надворешна политика и конструктивноста на овој парламент, на седницата во Единбург го вратија мандатот. Мислам дека и тоа ни е познато.

Ни беше јасно, од почетокот и во ОН дека ќе не очекуваат истите проблеми. Меѓутоа, верувавме дека тие тука, во голема мерка ќе можеа да се релативизираат. Заради обврските на двете членки на Советот за безбедност од ЕЗ, со право на вето, Англија и Франција заради обврската

кон новата Американска администрација, спрема својот сојузник Грција и покрај сите напори на Македонија се покажаа дека иско сите се согласуваат дека нашиот прием во ОН и потврдувањето на нашиот меѓународен субјективитет ќе влијаат пресудно на стабилноста на државата и регионот пошироко, се покажа дека тој проблем засега може да се реализира под провизорното име Бивша Југословенска Република Македонија. Со приемот во обединетите нации на политички план меѓународно се гарантираат границите и субјективитетот на македонската држава. Како членки во ОН треба уште во наредниот период да ја избориме битката за нашето име и зачувувањето на ентитетот, уверен сум дека во тоа и ќе успееме.

Па, не знам во неколку наврати на оваа говорница се потенцираа повеќе пати "јас се плашам" "јас се плашам". Јас мислам дека нема потреба од плашење и не треба да се заплашуваме, туку треба да се истрае.

Меѓутоа, јас не сум политичар. Јас сум пред се стопанственик и како таков би можел со часови да зборувам за штетите што ги претрпевме на стопански план поради нашето непризнавање, зошто МНОІ елементи, но и во еден дел од блокадите на ЈУ просторот се резултат од тоа.

Многу работи што беа овде кажани и она вчера за контролата на нашето небо, транспортот односно трошоците на транспортот на нашата стока, неможноста да го користиме тој коридор, проблемите што ги има организацијата во која долго време ја претставував, вклучувајќи го пред се и рудникот "Тораница", "Бучим", Топилницата и проблемите околу реализацијата на концентратите и многу од проблемите со репроматеријалите во стопанството, вклучувајќи го пред се и ембаргото за

извоз на јагниња и извоз на други наши пазарни вишоци и кредити за нови инвестициони циклуси, без кои, сите се согласуваме, дека нема можности да се направат услови за нови вработувања^ за млади кадри и многу други елементи што влијаат негативно на состојбите во стопанството на стандардот на населението се сврзани не само со внатрешните туку пред се и со влијанието на надворешните фактори односно и вклучувањето на Македонија во ОН.

Оттука, не можам да ги разберам реакциите ан многу мои колеги од кои знам дека еден дел од нив беа стопанственици, а и економисти, меѓу кои некои се гледаат себе си како спасители на нашето стопанство, како мојот довчерашен колега Петар Гошев кој што само од дневно политички цели и потребите за сопствената промоција може работите еднаш да ги гледа вака а еднаш онака.

Не би зборувал за политичките гледања дека сме направиле стратешка грешка со зачленувањето или задоцнувањето и испраќањето на молбата за прием во ОН зошто сите знаат дека таа молба е дадена уште во јуни минатата година и дека не се разгледуваше. И, сеуште не можеше да се разгледува ако ЕЗ не го вратеше мандатот а и на многу други истовремено искажани и испревртени работи зошто не се знае во која функција и за која цел беа искажани и потенцирани.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Меѓутоа, гледањето на еден економист дека кредитот на Сорос е голем и мал, каматата е ниска и висока и дека може, но и не мора да се земе кога се знае дека таа камата е на ниво на трошоците за префрлување на кредитот што ги наплатуваат западните банки и кога се знае дека со овој кредит се обезбедува барем по пресметките преку 30% од денешните потреби за девизи или увоз на нафта укажуваат на тоа дека некој од нас него наметнуваат сопственото мислење за што бев оптужен јас вчера, туку имаат и те како многу вакви или онакви мислења, колку што ни се потребни за дневната политика. Денес да се исфрлат тезите дека економската ситуација ние драматична, заради неефикасноста на Владата и само заради тоа што Гошев не се наоѓа на нејзино чело, а само пред 6 месеци да се побегне од таа одговорност, најверојатно заради сознанието за сопствената неспособност да се понесе тој товар ! покажува зошто се покренува влијанието и дали има влијание на приемот на ОН севкупните состојби во државата. Повикувајќи се дека имам сопствен статус и сопствено мислење, потенцирам дека денес да се зборува дека ситуацијата ние драматична само заради тоа што на неа влијаат исклучиво внатрешните фактори, а само пред б месеци на седницата на која бев јас присутен ги потенциравме и рековме дека постојат повеќе, односно многу, јас би рекол во конкретниот случај преку 60 егзогени фактори што во конкретниот случај претставува за мене лицомерие и демагогија. Не знам и колку право имам , но мислам имам право да зборувам, бидејќи подолго време се познаваме во основа ги поставувавме и претходните концепции за развојот на структурата на македонското стопанство, при што имавме прилика во многу наврати да имаме и заеднички поглед и заеднички став по

многу прашања, па сум изненаден дека овој пат се отстапува на надворешните фактори и приемот на Македонија во ОН се безначајни фактори, а само внатрешните фактори имаат пресудно влијание за решавање на состојбите во Македонија. Воедно, постоја но во неколку наврати од оваа говорница беше потенцирано и на моја адреса, одговорност секој од нас има, а правото на мислење го искажав и го имам и еве го искажувам на говорницата за кое што и ме повика. Ја користам приликата на крајот да изразам енергичен протест, како сопствено мислење, исто и од пратеничката група, во врска со настапот од пратеникот од Прилеп, пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Петар Трајковски, протестирам против тоталното срозување на дигнитетот на Парламентот и оваа говорница, бидејќи сум член на овој Парламент, додека и стојам, протестирам против настапот, односно јазикот, изречените клевети и програмаштвото, протестирам, кажувам сопствено мислење и најфашизоидниот вид во оваа прилика и на оваа говорница во настапот што го изрече пратеникот Петар Трајковски, а воедно протестирам и против начинот и намерите за навредата на македонската јавност. За жал тоа не е прв пат, барем мене ми се чини така и ние тука што сме присутни не прв пат сме принудени тоа да го слушаме. Па би го замолил тоа сопствено мислење, неговиот настап го задржи за приватни потреби, а не овде за потребите на Парламентот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас во мојата дискусија ќе скратам, а бидејќи не сакам да се повторуваме, меѓутоа, би продолжил вака: во текот на овие 4 дена расправаме за едно суштествено прашање, т.е. приемот на Република Македонија во ОН. Наместо да се залагаме за наоѓање на вистинскиот пад, дел од пратениците се залагаат

за меѓусебни пресметки и промовирање на партиски програми.

Почитувани колети, по распаѓањето на поранешна Југославија, Република Македонија остана без меѓународен легитимитет, па затоа историскиот товар што се однесува за признавањето на РМ ни припаѓа на сите нас, т.е. на овој Парламент, на оваа Влада и на претседателот на Републиката. Ние во текот на овие денови малку ги анализиравме факторите, кои за мене се многу важни, а тоа се меѓународниот, соседскиот и внатрешниот фактор во Републиката. Што се однесува до меѓународниот фактор, малку слушнавме што значи Европската заедница, по кои принципи работи или пак Советот за безбедност на кој филтер РМ чека да помине. Принципот и на Советот за безбедност за работа мислам е јасен, меѓутоа за нас поединци овде, а веројатно за јавноста не е толку јасен, па требаше некој од правниците да се залага на кој принцип работат овие субјекти во ЕЗ и во Советот за безбедност.

Што се однесува со соседскиот однос, мислам на сите ни е јасно, РМ од кој сосед е прифатена, од кој не е прифатена, кој мисли добро, а јас не сакам да е елаборирам овде, за жал, само актуелните, можам да речам, или како што реков на една од претходните седници дека ни се активира оската Белград- Атина. Меѓутоа, малку зборуваме за источниот сосед кој територијата на Македонија ја признава, меѓутоа нацијата не. Па да не ви одземам многу од времето, ќе кажам два-три збора за внатрешниот фактор. До кога ќе се надмудруваме со тезата дека Македонија е мирна, дека внатрешниот фактор е стабилен, а воопшто не размислуваме дека некој за тоа придонел да биде мирно, т.е. пред се Албанците и конструктивните

сили од македонската нација се залагаа да го чуваат тој внатрешен мир. Провокации имавме, разни летоци ни се пуштаа од Србија за да влеземе во меѓусебен конфликт. Меѓутоа, до кога ќе биде вака , јас мислам дека некои пратеници ја обвинуваат и Владата и претседателот на Републиката дека ќе имаме војна, а овде тоа е многу оптимиста дека такво нешто не не очекува. Јас велам Владата, па и ние треба да бидеме претпазливи дека нешто такво да не даде Господ, но може да се случи. Живееме на Балкан со многу непознати. Кога ги спомнав трите фактори сакам да речам дека за сите овие фактори огледало на РМ е Уставот на Републиката. Тој Устав сакаме или не сакаме, пред се е анационален, а се манипулира дека е граѓански Мислам дека ваквата теза дека имаме граѓански устав за меѓународниот фактор е многу важен и јас чисто сум убеден дека и тој е една голема пречка. Некои пратеници македонци од оваа говорница ги повикуваат македонците за национално единство. Не е лошо. Меѓутоа е жално. Во овие моменти да се викаме на национално единство што значи дека немаме доверба еден на друг. А јас сум за спротивното. Јас мислам дека Македонија во овие моменти треба пред се да се повика,или да се повикуваме на граѓанско единство. На Македонија пред се и е потребно граѓанско единство. Кога велам гранско единство, тоа го елаборирам со тоа дека Македонија е мултинационална средина и не сакам да продолжувам понатаму во врска со ова. Некој пратеник не сакам името да му го спомнам јавно на оваа говорница се повикува на Парламентарен консензус. Намерно не го спомнувам, бидејќи од него не го очекував тоа. Се согласувам Пред се, на овој Парламент му е потребен консензусот, меѓутоа  на која основа.

Не на национална основа, ако мислиме дека ни треба национално единство. Туку пак велам за тоа граѓанско друштво, и тој консензус на овој Парламент му е потребен за да ги надминеме проблемите со кој се среќаваме. Кога сум тука, можеби ќе ја помешам дискусијата, меѓутоа, грдни зборови се слушнаа за Владата. Што значи се критикува позицијата од страна на опозицијата. Господа пратеници мораме да признаеме една реалност. Нема јака позиција со деструктивна опозиција. Ако имате такво пример, слободно нека излезе пратеник и нека ми каже. Јас опозицијата ја свакам која пред се треба да ги користи малите грешки на позицијата, а да конкурира со свои здрави идеи, било тоа за излез од економскиот проблем, или пак од меѓунационален, а да не набројувам други фактори. Не сакам да се повторувам со колегите мои албанци кои доста проблеми изнесоа овде меѓутоа јас само ќе ги поддржувам. Јас ќе завршам со една реченица. Еден колективитет во XXI век да ги бара своите национални права за демократските земји со традиција, тоа се однесува за Европските е смешна работа и дури неприфатлив, бидејќи ние сакал сили не сме запнале на националното, поготово македонците, јас не сакам да набројувам овде, македонска радио телевизија, македонско ова, македонска она, ние сами даваме на меѓународниот фактор преку оваа говорница, или преку медиумите дека припремиме национална држава, а во реалноста тоа не е така. Јас ви благодарам, само пред се морам да завршам со една кратка реченица. Демократијата пред се, колеги бара цивилизирана душа.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Морам да се јавам бидејќи бев спомнат, еден говорник од оваа говорница искажа дека бил набеден од мој истап.. Ќе ги молам сите што се навредени од тој мој истап, ќе кажам и зошто, да се јават овде. Јас тоа го

кажав во врска со печатот за информирање. го кажав тој неморален дописник на телевизијата од Прилеп, наместо да се служи со фалсификати, потписи од петиции, подобро беше да ја информира Македонската јавност и македонскиот народ зафатеното оружје во прилепската општина, во која количина, зошто е наменето и против кое е наменето. Исто некни сме сведоци македонската телевизија кажала од Тетово дека е фатена шверцерска група со оружје и имаше уште нешто пострашно. Сега дали се срамите од тоа оружје што е наменето против мене и вас и вашите деца господине и тоа она другото што е уште полошо, што ќе ја уништи таа наша младост по нас, вашите деца, и другите, ако се срамите од тоа, јас ќе се извинам. Ако се срамите од тоа од некои што не уништува нас. И повторно ќе повторам, тие дописници треба тие работи да ги јавуваат, а не да одат по ручеци и да бидат уценувани некои обвинители таму и таа мафија да не го јавуваат тоа. Јас се срамам во вас што дозволувате да се шверцува оружје, да се шири тероризам, тоа оружје е против Македонскиот народ ис е срамам што дозволувате еден Гунел Исмаил да оди пред понижен пред неколку илјади народ македонски со свеќи во рацете, затоа што бил понижен. Од тоа вие се срамите. Тоа е ваше, од вашата Влада е. Тој беше претставник на вашата влада таму. Тој што заташкал со оружјето е претставник на вашата Влада.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Сакам да интервенирам во следнава насока. Јас би бил многу попретпазлив, од претходниот пратеник кога се спомнува прашањето на тероризмот. Ние ќе имаме шанса на една точка на истава седница да расправаме за тоа, ќе имаме можност да видиме и некои имиња на граѓани кои се случајно и членови на некои политички партии и тогаш може да се

развие вака образложена расправа за кои како и од која страна развива идеи за тероризмот во Македонија. Тоа е една работа. Втора работа, со менувањето на трговијата со оружје не знам зошто е насочена и против кого е насочена. Тоа е акт против стабилноста на институциите на македонската држава и тоа е работа на македонската полиција и на органите кои се за тоа платени. Такви пораки политички према кого се насочени, освен евентуално према неефикасноста на некои органи тоа да го спречуваат. Напротив јас мислам од сите параметри тие органи својата работа си ја вршат. Тоа е една работа и веќе кога сум тука јас би го замолил претседателот да ми овозможи неколку други деманти , бидејќи беа спомнати и факти кои се однесуваат на ресорот кој јас го покривам на Владата.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**: (Продолжение).

Имено, беа изнесени некакви стравувања од еден од пратениците околу начинот на кој документите се изнесуваат од Министерството за внатрешни работи односно ознаките за документите кои излегуваат од Министерството за внатрешни работи. Тоа е првиот демант кој се однесува на личните карти. (Господинот Фрчковски ја покажува новата лична карта). Господа ова е личната карта коригирана со старата лична карта, не новата. Значи коригираната стара лична карта со ознаките Република Македонија и сегашниот грб на Република Македонија. Овие лични карти се издаваат на граѓаните на Република Македонија. Тие не се доказ на државјанство бидејќи се работи за коригираните стари лични карти, но се работи за дезинформација дека се шират или се издаваат лични карти на кои има ознака на некаква друга непостоечка држава. Тоа е еден демант.

Вториот демант е, некои од пратениците имаат желба односно навика да имаат добри извори од Министерството за внатрешни работи и се обидуваат во отсуство на такви избори да правата конструкции. Една од тие конструкции слушнавме вчера кога беше изнесен факт дека работници на Министерството за внатрешни работи и државна безбедност имале состанок во Виена или каде, некаде во Западна Европа со грчката разузнавачка служба и тоа бил вовед во некакви компромиси и разговори околу името. Тоа е нормално глупост, не постои никаква соработка ниту таков контакт. Би било згодно било каков аргумент во таа смисла да се изнесе на македонската јавност, ако веќе на мене не ми се верува. Тоа повеќе зборува за желби или врски кои би требало да дадат аргументи на некакви тези кои подоцна се извлекуваат во аргументацијата. Она што би требало реално да не плаши не се така наречените аргументи кои овде се

изнесуваат, туку манипулацијата со фактите која редовно станува начин на аргументација кога се немаат аргументи за определени тези. Тоа е ситуација која навистина треба да плаши

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓица Димовска сака да покрене процедурално прашање.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, сакам да го изнесам својот протест во врска со однесувањето на министерот на Полицијата на Македонија кој си дозволи од оваа говорница да се вмеша во дијалог помеѓу двајца пратеници и да се стави на најотворено на една страна, заканувајќи му се на пратеник на ВМРОДПМНЕ во врска искажаното мислење дека, иако е точката на дневен ред Информација за прием во ОН, дека ќе дојде време кога некои работи ќе бидат кажани, некои имиња ќе бидат кажани. Мислам дека сите пратеници, независно од која партија доаѓаат и на која пратеничка група и припаѓаат за ваквите методи на закана и притисок од оваа говорница треба да го искажат својот протест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Фрчковски има право да земе збор и во претресот да интервенира, а вашата забелешка е адресирана само на Трајковски што му се обрати.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Точно, на првиот дел од обраќањето.

Исто така, ви благодарам што ме потсетивте господине претседателе, употреби една навреда на пратениците за искажано мислење. Имено кажа дека пратеникот искажал глупост. Тоа не е право на министерот да оценува дали е некој паметен или искажал глупост.

Ве молам, од оваа говорница да не се употребуваат навреди кон пратениците. (Смеа во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

А ова искажување на госпоѓица Димовска да не се употребуваат такви насилни и многу тешки зборови се однесува на сите и да не подлегнеме никој, па и министрите на една таква атмосфера. Очигледно атмосферата е создадена, па министерот само се приклучи.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Бидејќи и министерот Фрчковски спомна дека во блиско време ќе дојде некој извештај овде во Собранието, па би го замолил како министер во тој извештај да стои како се врши тортура врз еден член и еден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, тоа сум јас. како во еден месец се прават 30 терористички напади, 30 штети. Ако тоа не ми го кажете господине Фрчковски во тој извештај тогаш ќе бидам уверен дека е тоа под ваша лична наредба направена. Тоа е регистрирано во органот кај вас. И требаше малку да се замислите во тоа, дали е можно тоа или не е можно. А тоа ако ви дава храброст да се заканите заради вашата братска коалиција, Петар Трајковски не се плаши. Никако.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако може со тоа да престанеме заради тоа. што тој извештај ќе го добиеме.

(Предлагам пауза до 15,00 часот).

(по паузата седницата продолжи во 15,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Господинот Александар Флоровски, бара реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Наместо реплика, одговор на вториот демант на господинот Фрчковски.

Пред се ми е жал што не го прочитавте мојот стенограм или не знаете да го прочитате во функција на вашата крива интерпретација. Јас вчера не изнесов податок дека МВР односно СДБ имал состанок во Виена Австрија, туку дека во март минатата година Атина ја посети трочлена делегација од МВР односно СДБ како специјална мисија на господинот Глигоров. Имињата на трочлената делегација ни се познати, но не би сакал да ги изнесам овде пред целата македонска јавност. Но што, господине Фрчковски, ако еден од тие господа од патриотски причини излезе на прес конференција и ги обелодени сите овие валкани работи за и околу името на Република Македонија. Инаку, за оваа посета, усмено беа информирани и претседателот Киро Глигоров и господинот екс министер за односи со странство Денко Малевски. А по кратко време беше доставена и специјална информација за овие активности лично на господинот Киро Глигоров околу посетата на трочлената делегација од СДБ во Атина. Вие ова многу добро го знаете, можете да негирате колку што сакате, но тоа е вистината , која ако имате потреба ќе се обелодени на прес конференција, господине Фрчковски. И во оваа смисла ве прашував дали ви значи нешто името Кацулас Димитриос. Или господине Фрчковски немате сознание што ви работат вашите соработници во МВР односно СДБ, или пак се работи за

нешто друго, за паралелно раководење во СДБ од некој друг за нас непознат орган, друго тело или некаков човек во сенка.

Во оваа смисла , би ве потсетил на едно ваше интервју во еден странски весник, на кој за жал не можам да се сетам, во кој велите дека Службата за државна безбедност одржува средби со грчката безбедност. Таков напис беше објавен и во весникот "Македонија" од Торонто- Канада пред повеќе од еден месец, чии сопственик е Танас Јовановски, а околу вашата констатација, како што вие велите тоа е нормална глупост, имајте храброст па изнесете ги имињата на трочлената делегација која престојуваше во Атина во март 1992 година.

И уште нешто, како замолница до вас , ве замолувам да ја повлечете полицијата околу Македонскиот Парламент. Впрочем која е нивната функција, стотина полицајци да обезбедуваат кога се разговара околу името на Македонија. Од кого се чуваме? Дали се чуваме од некои непознати сторители, па во оваа смисла нема смисла полицијата да го губи времето, нека одат дома подобро да одмараат.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Како прво, не знам зошто дадениот пратеник доби реплика, јас него не го ни споменав и во овој контекст исто така мислам да не го споменам.

Од стенограмот кој беше доставен стои токму тоа, може да се види во стенограмот од изјавата на дадениот пратеник. Имено, контактите на СДБ и на МВР се работа која се одвива нормално според принципите кои ги одржува Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи. Тоа не е никаков проблем да се дефинира таков начин на активност, таков начин на контакти кои ние ги сметаме за опортуни. Заклучокот кој вие го извлекувате односно споменатиот пратеник го извлекува дека тоа е некаква основа за понатамошни политички разговори,

кои се врзуваат за отстапки околу името, јас ќе повторам, дезинформација или по мое мислење е глупост. Тоа е сосема различна работа. Тоа се заклучоци од контактите кои Службата не само што ги има и ќе ги има, туку тоа е нормална нејзина активност за тоа се платени. Исто така е нормално дека за тој начин на контактирање се известуваат со одлука на Владата дефинираните политички авторитети, односно раководители во РМ и тоа е процес и стандард кој секаде е евидентен во секоја нормална парламентарна демократија.

Она што сакам исто така да го искористам овој случај како мој коментар или реплика, воопшто не ми е јасно зошто еден дел од пратениците се најдоа погодени со тоа што на некоја точка , што ги замолив за таа точка на проблемот на тероризмот да се остави да се разговара, точка која е ставена на дневен ред на една од седниците. Никому посебно јас ниту се заканив овде, ниту посебно прозива. Во таа смисла , многу е интересно како се прават врските со тоа кој треба да реагира на тоа и како треба да се реагира.

Ве молам, овде беа изречени за еден мој колега ставови дека тој е инороден и неверник, како да има една работа во која треба да се верува само , а мене ми се оневозможува да кажам дека се тоа глупости. Јас не разбирам зошто тоа претставува нечија навреда едноставно сметам дека тоа е начин на квалификација на изречената теза која има или нема аргументи, која е инсинуација или не е инсинуација. Сметам дека за тоа изложив аргументи и тоа ќе го правам и во иднина.

(пратеникот Александар Флоровски се упатува кон говорницата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се договоривме дека вие веќе нема да барате реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ако мисли господинот Фрчковски дека тоа е глупост, само нека ја прочита специјалната информација која е доставена до господинот Глигоров, да види за што се разговараше во Грција во Атина

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Борко Ѓорчески.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Господа пратеници, не сакав да се јавувам за дискусија, но како човек, како Македонец, не можам да не го искажам и гласно моето мислење против сите оние кои се за промена на името на Македонија. Се надевам дека нема да повторувам од она што беше изречено од оваа говорница и ќе настојувам да бидам што пократок и моето мислење и заклучок да го изнесам со неколку реченици.

Од оваа говорница се слушна повеќе пати дека никој нема право да го менува името, односно да му додава и други придавки или додавки на постоечкото име. Некој отиде и дури дотаму што рече дека покрај сите нас што сме овде тоа право го нема и народот, со што наполно и јас се согласувам, за кое ќе дадам едно мало образложен

На овие простори на кои живееме сега живееле многу други генерации и пред нас и покрај сите тортури и крвопролевања што се вршени над нив, и покрај тоа што никогаш не биле слободни односно секогаш биле под туѓа диктатура, сепак успеале да ни го сочуваат тоа национално благо односно името Македонија. Се надевам дека и после нас со безброј векови ќе живеат наши поколенија под тоа исто име. Затоа реков

дека нема право ни народот. Оти не сме само ние што моментално сме на овој свет, што немаме право да му го уништуваме тоа свето име и на оние генерации што треба да дојдат и после нас. Ако го сториме тоа, тогаш не можеме да го избегнеме зборот "предавници на македонското име" и бришењето на македонската историја, со што ќе им нанесеме неопростиво зло на идните наши поколенија. Би ве потсетил на една стара изрека која гласи: "секој има право и е достоинствено ако биде жртва за сопствената држава". Но, затоа пак никој нема право да ја жртвува државата.

Затоа, апелирам кога нас како генерација ни се пружила таа можност и чест прв пат во историјата, мислам на сиот народ, да направиме самостојна македонска држава со сите нејзини обележја и симболи, треба да бидеме храбри и да издржиме во таа цел, а не малодушни, или ќе се изразам со зборот "гробари" на сето она што досега се негувало и треба да им го оставиме на идните поколенија тоа свето име Македонија. И после сите овие дискусии и апели од народот, кои се случуваат овие четири дена за да продолжиме со барањето да бидеме примени во ООН со нашето историско име Република Македонија без никакви придавки и додавки , јас не верувам дека некој ќе остане рамнодушен и нема да се согласи со тоа. Имаше по некој дискутант од оваа говорница што помислуваше и се согласуваше со тоа да бидеме примени со името "бивша југословенска Република Македонија", но јас се надевам дека конечно веќе еднаш и кај нив ќе се разбуди македонската национална совест и тие ќе се приклучат кон сопственото јато народот, така што и во нив ќе исчезне онаа малодушност и желбата за интерес и сите заедно веќе еднаш да почнеме да мислиме на тоа свето исконско име Македонија. И само така да бараме да бидеме примени во сите институции и заедници во Европа и во светот.

И на крајот да завршам, ако светот во нас виде и осети некаква цврстина и достоинство и поверзирани и поспособни дипломати во надворешната пропаганда и дипломатија, сигурен сум дека ќе бидеме примени што побрзо. А инаку не. Само ќе не измачуваат, односно ние ќе се измачуваме и ќе не уценуваат, ќе чекаат попуштање, прво името, после знамето, а на крајот и да не доуништат, ако видат слабичи како досега во нас.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, повод за оваа седница е информацијата на Владата околу активностите преземени од нејзина страна за прием на нашата држава Република Македонија во ООН. Мислам дека тоа е повод, но причините за кои ние се јавуваме се нашите сопствени анализи. за таканареченото привремено име "поранешна југословенска Република Македонија" кое на некој начин ни се сервира.

Јас подолго време слушам дека ние како Република Македонија сме биле во меѓусебен спор со атињаните, а такво нешто слушнав дури и од претседателот на нашата држава. Прво и основно, да се има меѓусебен спор, да се спорат две држави, значи да имаат меѓусебни нерасчистени сметки. Што е тоа што ние го бараме од атињаните, а не е содржано во декларациите донесени од меѓународните институции , што ги имаат потпишано и самите тие.

Прво, името на нашата држава Република Македонија не го има ниту една друга држава во светот. А атињаните ја прекрстија така да се рече

Егејска Македонија што ја нарекуваа Северна Грција до пред 4-5 години.

Второ, држава и покраина воопшто не може да се сметаат како рамноправни меѓународни субјекти, односно и на европскиот континент постојат примери на имиња на држави и истоветни имиња на покраини во други држави.

Трето, знамето, сегашното наше знаме, дали атињаните го имаат тоа исто знаме? Јас ќе речам не. Или се поставува прашањето зошто не го зеле тоа знаме за државно знаме на својата држава. Тие господа, тој симбол како симбол во својата целокупна историја не го ни употребувале досега. Шеснаесеткракото сонце како симбол на една европска паралогија на македонските простори се задржал до ден денешен во народната носија, во нашите цркви итн., додека знаеме дека атињаните го открија некаде пред десетина години во Вергина. Тие тој симбол го нарекуваат "Звездата од Лергина", а ние велиме дека ова е шеснаесеткрако сонце.

Четврто, велат спор е и малцинството, односно нивното тврдење дека во нивната држава не живеат македонци, па затоа нема ни македонско национално малцинство. Доказ дека има македонско национално малцинство во Грција се и најновите судења на наши сонародници кои јавно се изјаснија дека се по потекло и по рок Македонци, а живеат во Република Грција.

Исто така, тие од 1988 година па наваму тврдат дека во Грчка Македонија живеат македонци , меѓутоа кој се грци по род. Една нација, две имиња, ќе речам историски спротивставени меѓусебно со милениуми не би

можела да опстојува со тие две спротивставени имиња. Другите членки на Европската заедница тоа сигурно можат да го проверат, дали досега постоела графа во пописните листи Македонци на сите пописи што атињаните ги имаа спроведено досега. Јас ќе речам не, господо. Државата на атињаните го употребува името Елас, Елада, односно Република Грција. Зошто како големи љубители на Македонците не си зедоа едно двојно име Македонија- Елас, односно Елас -Македонија, односно нацијата не ја нарекоа Елино -Македонци или Македоно- Елини итн. Јас ќе ви кажам дека тие децата исто така со милениуми ги плашеа со зборот доаѓаат Македонците, доаѓаат варварите.

Ние како држава Македонија односно припадници на македонската нација имаме морално, историско и политичко право да се грижиме за статусот и положбата на нашите сонародници кои живеат како национално малцинство во соседните држави. Така, со тоа го имаме и правото да се грижиме за положбата и статусот на нашите браќа и сестри кои живеат во Егејска Македонија. Тие со право го очекуваат тоа од нас.

Република Грција ја потпиша и последната декларација за заштита на националните , јазични и верски малцинства, донесена во ООН пред неколку месеци, ми се чини во декември месец, затоа, почитувани пратеници, не гледам дека сме ние во спор со атињаните, туку тие се во спор со самите себе односно нивното настојување за промена на уставното име на нашата држава е уцена и ништо повеќе. Уцените и заканите односно ултиматумите честопати доведуваат до војна. Значи, со војна се заканува Грција, а не ние односно нашата држава. Република Македонија, сигурен сум дека сите ја знаете приказната за волкот и јагнето, кој на кого му ја мати водата. Очигледно е кој на кого му ја мати водата во овој случај.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (Продолжение).

Ако некој го смета за спор тоа што се залагаме за добрососедски односи, сестрана соработка на економски, културен и политички план за изградба на меѓусебна доверба со Република Грција, тогаш сигурно се разликуваме во сфаќањето на поимите, соработка, добрососедство итн.

Мене лично ме заинтригира и веста дека советот за безбедност не донел никаква одлука за препорака до Генералното собрание на ОН за прием на Република Македонија под привремено или провизорно, како што не убедуваат некои господа, име поранешна југословенска Република Македонија, затоа што Грција сеуште не дала таква согласност. Тоа може да значи само едно дека Владата на Република Македонија дала таква согласност, иако сите, и Владата и претседателот на Републиката не убедуваат дека тие не прифаќаат дека односно не го прифаќаат ова решение, ја убедуваат македонската јавност дека испратиле писмо со кое изјавуваат дека не е прифатливо описното или провизорното име Поранешна југословенска Република Македонија за прием во ООН, без разлика на почетната мала или голема буква. Секој добронамерен граѓанин на оваа држава, без разлика на неговата можност за перфекција, ќе сфати дека нешто не е во ред, односно дека има блокада на информации и сервирање на полувистини.

Јас би сакал почитувани пратеници да се задржам малку и на она самото како што ни се сервира описно име за т.н.. привремена употреба или провизорно итн. Поранешна југословенска Република Македонија. Дали е ова описно име, ќе повторам без разлика на малите или големите почетни букви, јас ќе кажам дека за мене воопшто не е. Зошто?

Прво, Поранешна југословенска Република Македонија означува дека во Југославија постоела некоја членка која се викала Маледонија. Значи, она"поранешна" воопшто не ја определува поранешна Југославија, туку ја определува членката со поранешно име Поранешна Република Македонија, која со ваква формулација означува само определена територија со поранешно име, а новото име ќе се добие по посредувањето или буквално без она "Југословенска", која ја допрецизира територијата, се сведува на поранешна Република Македонија, нешто што постоело, а со ваква формулација станува безимено односно името ќе му се одреди пост-фестум. Сега постои, сите знаеме Сојузна Република Југославија, која иако меѓународно не е призната се условува со Југославија, составена од две републики Црна Гора и Србија. Нешто што некогаш било член на некоја државна асоцијација при недефинирана меѓународна положба може повторно да биде или да има настојувања да биде член на таа асоцијација при непроменето име Југославија по пат на сила или пак доброволно. Односно,некои господа што го заговараат вториот дел од референдумското прашаше може некој да го постави пред меѓународните институции. Затоа, почитувани пратеници, ќе повторам Поранешна Југословенска Република Македонија за мене не е описно или провизорно име на држава, рамноправен меѓународен политички субјект, туку описно или провизорно име на неименувана територија. За мене би било описно име на државава, следново име, ако веќе Владата со своето коалиционо мнозинство во овој Парламент се решила на таква солуција, јас се прашувам зошто, ако веќе инсистирала на веќе описно име, ете другите инсистирале итн. не ја употребила следната формулација. Државата која побара прием во ООН под името Република Македонија, а беше рамноправна членка на поранешната југословенска федерација односно СФРЈ под името Социјалистичка Република Македонија. За мене, ако на некој, начин

Владата си го зела тоа право, јас незнам кој и го дал ова би било тоа описно име. Затоа што ја одразува стварноста дека во поранешна СФРЈ постоеше една членка која се нарекуваше Социјалистичка Република Македонија. Тоа јас лично го сметам за некој компромис, не сме имале каде, треба да постигнеме компромис, кој исто така, ќе повторам, на Владата незнам кој и го дал тоа право, меѓутоа, има коалиционо мнозинство во овој парламент и може да си го земе тоа право.

А ова второто е за мене само понижување и бесконечно оддолжување на уставното име за употреба во меѓународните односи нашето уставно име Република Македонија.

Слушајќи го обраќањето на претседателот на Републиката до македонската јавност, ме заинтригира и следнава искажана реченица "привременото име ќе биде за 2 месеци". Слично ваква изјава има дадено и господинот Мицотакис со напомена дека ако посредувањето оди на штета на грчките национални интереси, Грција нема да прифати такво нешто. Се прашувам, ако опстанокот на Македонската држава и македонската нација зависи од следните 2 месеци, зарем не сме спремни да почекаме, почитувани пратеници, како што се начекавме еве веќе 15 месеци да се реши ова прашање вештачки поставено би кажал од страна на силите, јас сум свесен дека е вештачки поставено од силите кои го диктираат светскиот поредок. Што губиме, а што добиваме?

Прво, слушајќи некои директори кои економскиот аспект го ставаат на преден план, се поставува прашањето дали после ваков крајно недефиниран и државно, а пред се национално прием во ООН, тие исти директори ќе им обезбедат на своите фирми пласман на производството во странство, дали ќе престанат стечаите, дали работниците нема да бидат

технолошки вишок, дали ќе се обезбедат нови работни места преку ноќ, дали куповната моќ на населението одеднаш ќе се зголеми. Сигурно, ве уверувам, и вие добро тоа го знаете во природни услови не. Што може да се случи? Република Грција со своите пријатели да пласира помош краткорочна за да ги залаже граѓаните на Република Македонија и да ја оствари својата цел да бидеме привремена нација со привремено име. Тоа, јас господа можам да го оквалификувам само со еден збор, не согледување на сите аспекти кои од ова произлегуваат за македонската нација. Затоа што националното не е прашање, господа, на анационалните, не е прашање на поедини директори, прашањето е опстанок и живот на македонската нација. Ваквата теза што ни се заговара е теза на продавање и купување. Се поставува прашањето дали нацијата може да биде предмет на трговија. Во секое жито, господа, за жал има и кукол. Затоа, одговорот е не. Нацијата не може да биде предмет на трговија. Соочување, одбрана на нацијата е акт на патриотизам и нема врска со шовинизмот како што некои само граѓани овде од оваа говорница и во оваа македонска држава сакаат да го дефинираат патриотизмот.

Економската благосостојба на граѓаните на една држава е поврзана со опстанокот и напредувањето на самата држава. А со вака формулирано привремено име во наводници, кое не дефинира ништо, ни држава ни нација се сведуваме на претекторат на ООН за недефиниран временски период. Протекторатите живеат само од помош и не се развиваат ниту економски, ниту политички, затоа што никој паметен не би вложил во нешто што не е меѓународно правно докрај дефинирано. Навестувања за протекторат, впрочем, имавме и од високи војни функционери од УМПРОФОР кои по системот жешко студено тоа на некој начин го негираа, би се прашал дали е случајно сето тоа.

Трето, формулацијата со вака дефинирано привремено име Поранешна југословенска Република Македонија не е нова. Таа е предлог на Португалскиот дипломат уште пред Лисабонската декларација и сите овде мислам дека знаеме дека тогашната влада на Република Македонија на некој начин ја отфрли. Незнам од кои причини сегашната Влада дала некој пристанок и ни вели дека не дала пристанок во Советот за безбедност без разлика што и се пласира на ова македонска јавност. Во процедурата за прием во ООН, за прием на нови држави, треба да се има согласност од подносителот на барањето. Без негова согласност, прашањето не се расправа.

Четврто, се поставува и прашањето која е крајната цел на вакво, какво што ни се сервира, привремено, описно или провизорно име. Ако е крајната цел компромис со додаток на нашето уставно име Република Македонија, како што поедини пратеници овде од оваа говорница пред повеќе од една година заговараат од типот зошто да не се наречеме Северна Македонија, тоа го слушнавме, на два пати на три пати, односно како што кружат во грчките средства за информирање, во весниците "Катимерини", итн. Вардарска, Горна, Нова или она Најново што ни го сервираат во последно време дека за нив може да биде прифатливо она Словенска Република Македонија или Република Славомакедонија, Владата е должна на Македонската јавност да и го објасни ова, односно да не бидеме ставени пред свршен чин, како што сме ставени денеска. Владата треба јасно да ја преземе таа одговорност и морална и политичка и национална одговорност, би рекол.

Господа, не добиваме ништо со прием во ООН под привремено, описно и провизорно име Поранешна Југословенска Република Македонија, а ќе изгубиме се, пред се државата и нацијата. Ќе го изгубиме нашиот

идентитет, ќе ја изгубиме единствената македонска матична држава, со што ни се одзема правото да се развиваме и живееме како посебна нација, ни се одзема правото да се грижиме за нашите сонародници во другите соседни држави, а пред се, за оние македонци кои живеат во Грција. Со тоа треба колективно да го заборавиме и егзодусот, и геноцидот што единствената Велика или Мегало држава на Балканот Грција го спроведува спрема Македонците од нашата поделба во 1913 година, па до сега. Грција е државата која изврши етничко чистење на негрчкото население и на Македонското и на турското и на бугарското и на албанското, кое живееше во јужен Епир, во Егејска Македонија или во Јужна Тракија. Денешна Европа и светот се згрозени од етничко чистење, а членка на Европската заедница тоа го прави повеќе од 8 0 години. Каде е таа правдољубива Европа, цивилизирана и хумана кон која тежнееме и ние. Со ваков прием во ООН, почитувани пратеници можеме да добиеме само уште една поделба, меѓусебни обвинувања и неединство.

Јас мислам господа, дека не извлековме доволно поуки од нашата историја и затоа прашањето за прием на нашата држава не треба да го третираме како прашање на левите и десните партии, како прашање на комунистите или антикомунистите. Прашањето е општодржавно и општо национално. Дали ќе дозволиме да го делиме народот на комунисти и антикомунисти и по вакво прашање од витален национален интерес. Јас би рекол не треба и нема потреба да се делиме на таа основа. Ова е прашање кое може да ја избрише еднаш за секогаш македонската нација.

Јас ќе се навратам малку и во историјата и на нашите настојувања и борби за национална слобода за создавање сопствена држава. Овде од оваа говорница беа критикувани и беше критикуван актуелниот претседател на македонската држава господинот Киро Глигоров. Да се разбереме, во

повеќе партиските системи кои се демократски, критиката е нормална работа. Но, кога ќе ја помине границата на вкусот, односно кога е невкусна критика сите добронамерни ќе ја осудат. Без разлика дали претседателот ќе ми замери за ова што ќе го изнесам морам некои работи да ги кажам како поуки од нашата историја. Младоста, таа движечка сила на македонската национално ослободителна борба и во 30-те, 40-те и шеесеттите години од овој век продолжи да ја пропагира идејата за обединување на македонската држава и македонската нација. Така, по средните училишта и на факултетите се формираа безброј такви организации со името на ВМРО, кој како феникс се појавува и опстојува во колективното македонско национално паметење. За периодот 1941 1949 година господинот Киро Глигоров со една група македонски интелектуалци ја гледаа пружената историска шанса за обединување на сите три распарчани дела на Македонија со Букурештанскиот мировен договор од 1913 година. Во тоа време комунистите под директива на својата југословенска централа прават обиди за кревање на масовно, национално, ослободително, пред се би рекол востание во тогашна Вардарска Македонија. До 1943 година успехот е миновен од проста причина што најголемиот дел од македонците се згрозуваше од името на таа Југославија. Тоа го признаваат и самите комунистички инструктори испратени во Македонија. Во 1943 година комунистите ја исфрлаат паролата за обединета Македонија во идната балканска федерација. Македонците масовно се приклучуваат кон таа борба, нарочно оние од Егејска Македонија кои копнеат за обединување со своите браќа. Комунистите во зависност од југословенската централа, почнуваат да ја менуваат тактиката по системот жешко студено и затоа македонските интелектуалци, меѓу кои ќе повторам и господинот Киро Глигоров формираат еден национално- ослободителен комитет под име

Анок и им го оспоруваат правото на комунистичката војна структура да решаваат од името на целиот македонски народ. Ја исфрлаат паролата Обединета и независна Македонија во идната балканска федерација. Но, каде има сила, а нарочно, демократија знаеме дека нема. Па, така комунистите му поставија ултиматум на АНО-КОМИТЕТОТ, а аргументот беше оружјето и ѕидот.

Историска вистина е и јас тоа го реков и пред 2 години овде во овој Парламент дека сегашна Република Македонија ја ослободија Македонците сами со своја стоилјадна сопствена војска. Но, што се случи? Факт е дека во јануари 19 45 година се изврши воен удар во Македонија и македонската војска влезе во состав на единствената југословенска војска. Знаеме што се случи со нашите браќа во Егејска Македонија, масовни убиства, опожарување на села и градови, масовен егзодус и етничко чистење од страна на грците. Македонецот уште еднаш беше излажан. Македонското прашаше, господа и тогаш се решаваше на зелена маса. Затоа е мојот страв дека и сега, решавајќи за нас на зелена маса да не бидеме по којзнае кој пат прелагани.

Јас ќе кажам дека господинот Киро Глигоров, според мене до сега направи и две грешки, би рекол.

Прва, не смееше да си дозволи да ги информира средствата за јавно информирање со повикување на директорите и главните уредници кај себе и давање директива и насока за работа. По излегувањето од неговата канцеларија на тие господа лично се поздравив со некои од нив.

Второ, не смееше да си дозволи да го стави на коцка се она што тој лично го постигна за овие 2 години за Република Македонија. Со тоа што за миг му попушти концентрацијата или лошиот совет од своите советници и им поверува на европските дипломати дека со преќутно прифаќање на провизорното име Поранешна југословенска Република Македонија се ќе

оди во наша полза. Овде од оваа говорница господинот Љупчо Поповски спомна дека некој бил против референдумот за независна Македонија и со така несреќно формулирано прашање со кое и ден денеска, нарочно со вториот дел некои не удираат по нос.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Кога се носел Уставот во 1946 година единствено Ченто побара да се внесе одредбата од Второто заседание на. АВНОЈ според која републиките имаат право на самоопределување до отцепување. Знаеме каде и како заврши животот на овој македонски национален деец.

Во 1974 година и Македонија донесе свој устав за чии решенија вчера од оваа говорница се залагаше и еден албански пратеник, а господата Љупчо Поповски, Никола Поповски и Алил Џафероски воодушевено му ракоплескаа. Но, на тој устав од 1974 година некаде пред првите повеќепартиски избори се донесоа и амандмани, а еден од тие амандмани токму ја имаше одредбата дека тогашната Социјалистичка Република Македонија има право на самоопределување до отцепување. Постапката беше следната: Собранието требаше да донесе одлука за издвојување од СФРЈ и да донесе одлука за општонароден референдум за потврда или отфрлање на таа одлука. Така беше уставно регулирано тоа прашање и тоа може да го потврди и господинот Фрчковски, но за жал не го гледам сега тука, кој учествуваше во формулирањето на тие амандмани на Уставот од 1974 година.

Вистина е дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ понуди Декларација, но ја повлече во корист на предложената,од мене, одлука за распишување референдум со две одделни прашања согласно тогашниот устав. Вистина е и тоа господине Љупчо Поповски дека вашата одлука за референдум прво беше антиуставна и второ, вистина е дека ВМРО ДПМНЕ ја прифати и таа ваша заложба и на предлог од наш пратеник со претходно одобрување и од самиот лидер на ВМРО-ДПМНЕ господин Љупчо Георгиевски истото ова Собрание ја донесе со акламација. Сето тоа заради единство кое ни беше и тогаш, а и сега ни е потребно.

Можете господине Поповски да го лажете народот еднаш, двапати, но третиот пат не можете. На лагата и се кратки нозете, а особено ако има стенограм во ова Собрание.

Вашите средства за информирање не го истражија феноменот на кршење на Уставот и оној претходниот и овој денешниот. Телевизијата е скарана со повеќето свои претплатници, а судовите ја наплаќаат неуставната претплата со одлука на самоуправен работнички совет. Владата како највисок самоуправен орган во оваа држава, молчи за ова.

Мене ми дава надеж дека во Македонија има луѓе што ја љубат вистината пред се друго. Излагањето на господинот Петар Гошев кој на еден аналитички, добро осмислен начин ја објасни стапицата со таканареченото провизорно име поранешна југословенска Република Македонија, ме радува затоа што иако идеолошки се разликуваме и јас и тој дојдовме до идентични заклучоци за неприфатливоста и грешната опција на Владата на Република Македонија околу оваа формулација. Секој кој и мисли добро на оваа наша држава ќе ја сфати стапицата. Не држи тезата дека се противат само македонските националисти, како што сака некој да импутира и да каже овде. Затоа македонската телевизија и како македонска национална телевизија треба патриотизмот да го пропагира, а не од случај до случај да ни го сервира со кафено лажиче како патриотски сируп.

Би сакал, но не го гледам тука господинот Харуни, да ја потврди или негира оваа моја теза. Тој што не ја сака својата нација е неспособен да ги сака и да живее со другите нации односно тој што ги мрази другите нации во суштина не ја сака ни својата нација. Зошто го кажувам ова? Господинот Харуни, верувам и сите албански пратеници во овој парламент сигурно знаат кој е Стерјо Спасе и колкав придонес, иако е Македонец, даде за

албанската книжевност. Затоа ако Гркот со аргументите на силата сака да го уништи паднатиот на колена Македонец, вие господа од албанските партии треба да се определите или согласно вашите принципи за правда ќе му помогнете на Македонецот или ќе му се придружите на Гркот да не дотепа.

Јас сакам овде да му се обратам и на еден пратеник од мојата партија господинот Петар Трајковски. Мислам дека и не можам да се согласам со последниот дел од неговата дискусија каде кажа една мисла "ќе дојде народот и ќе го руши овој Парламент". Господа, јас мислам дека ми е потребна демократија, а насилство ни малку не ни е потребно.

Господа пратеници, јас не верувам дека Македонците се против феникот на македонската национална борба ВМРО, без разлика дали сте комунисти, социјалдемократи, либерали или со некои други идеолошки определби. Некаде во длабочината на вашите мозочни клетки светат електроните на ВМРО како национално колективно паметење. Затоа да не се делиме по кој знае кој пат затоа што и денеска патот треба да ни биде единствен затоа што комунизмот е мртов господа како идеологија, затоа што сакаме да градиме подобро општество, природно, не тоталитарно, за да не ги делиме и нашите поколенија за прашањето на македонската нација и држава. За да се натпреваруваме како политичари, политички партии кои од нас подобар живот ќе му овозможи на овој народ, затоа предлагам господа Владата да си даде оставка, да се формира Влада на национален спас или ако сакате концентрациона Влада, претседателот на Републиката да му го довери мандатот на господинот Петар Гошев кој ќе ги вклучи сите партии застапени во овој Парламент на Република Македонија, Влада која ќе не извади и од овој национален срам и ќе создаде услови за заживување

на економските текови, Влада која ќе му ја врати вербата на македонскиот граѓанин во негов достоинствен живот и Влада на крајот која ќе ги подготви следните избори господа затоа што Македонија е и нашата љубов и нашата радост и нашава тага, нашето колективно паметење, нашата историја и наша песна, наша жалост, наша веселба, наш опстанок и наш идентитет господа . Македонија е и нашата душа, нашата мајка таа ни е родена земја наша хранилка, за да не ја направиме да ни биде маќеа со нашите делби и разделби треба да го сочуваме уставното име на нашата држава Република Македонија. Единство браќа ни е потребно, само единство. Да престанеме да ги јадеме нашите најдобри чеда би рекол и господин Киро Глигоров и господин Петар Гошев и Васил Тупурковски да не го сатанизираме младиот политичар Љупчо Георгиевски се се учи во животот почитувани пратеници, а најповеќе се учи на нашите грешки, да научиме нешто од нашата историја, би било ред.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Гунер Исмаил;министер за култура.

(Кон говорницата се приближува пратеникот Петре Трајковски претседателот му се обраќа)

Вие седете си таму, а во пратеничката група ќе се разјасните двајцата.

Господине министре, прво реплика има господинот Љупчо Поповски. Но и вие сте за реплика, бидејќи бевте спомнати во претпладневниот дел од седницата. Значи, да објасните прво.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Јас се извинувам во претпладневната сесија на Парламентот бев доведен во контекст на иноверец или човек кој поинаку мисли или кој што поинаку верува од тука присутниот господин пратеник Петар Трајковски. Должен сум, пред се, пред јавноста да објаснам во што верувам, во што не верувам. Затоа излегов и затоа сфатете го ова како објаснување или сакате сфатете го како реплика, сосема ми е сеедно, но добро нека биде појаснување.

Имено, господа јас не верувам во свет во кој луѓето се делат и се нарекуваат на некои кои поинаку мислат и тоа нарекување се зема како вовед во погроми и вовед во уништување на оној кој поинаку мисли или поинаку верува од нас. Тоа им беше доволно на инквизицијата да ги спалува луѓето, на Сталин да ги тера во логори, Хитлер преку 6 милиони Евреи кои поинаку веруваа, да ги отера во логор. Ако тоа го наречам сега фашизам, сигурно ќе настане бура, меѓутоа, нарекувањето или доведувањето 30 подтекст на некој дека поинаку верува или поинаку мисли, јас тоа ќе го наречам, простете, тоталитаризам, а историјата не учи на тоа . Инаку, во што јас верувам. Верувам во свет, во кој луѓето нема да се дочекуваат на улица со пиштоли да им се закануваме и да им се јуначиме дека сме храбри и дека ќе им покажеме итн. што впрочем именуваниот пратеник, колку што имавме прилика барем во минатото да се информираме од весниците многу слободно и така лежерно го правел по улици. Да, јас верувам во свет во кој што оној поинаку мисли од нас и поинаку верува е свето нешто и дека тој кој е покрај нас е поинаков е наша светост, а не наша пречка, а и не наша мета за погром односно позив за ликвидација и слично. Во таа смисла, јас молам да го прифатите ова мое објаснување. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво,има збор господинот Поповски, бидејќи репликите се на ред.

**ЉУПЧО ПОПОВЛСИ:**

Почитувани пратеници, јас за овие бледуњави зададени тези што ги елаборираше господинот пратеник од левата страна само би рекол следното:

Дали македонската јавност ќе му верува повеќе на мене или на дотичниот господин, само ќе го изнесам следниот факт. Тој е човек кој не го даде својот глас на Уставот на РМ, а сега изигрува негов главен толкувач и чувар. Благодарам.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Јас пак ќе повторам во име на Владата на РМ министерот Гунер Исмаил триумфално влезе во струмичкиот театар пред понижен неколку илјаден македонски народ со свеќи во рацете кој народ не сакаше да се одржи таа претстава со која претстава македонскиот народ се понижи, христијанската вера се понижи, се понижи Македонска православна црква.

А тоа господине што во весниците тие лаги, да прашате таму кој дојде на суд, кој не дојде на суд и да ви кажам од истата таа коалиција, јас го повторив тоа неколку пати, вели оружје со дозвола ви значи нешто или оружје шверцувано за тероризам за тој ваш фундаментализам, за спроведување на џихад програма, за спроведување на исламизација кај македонскиот народ. (негодување во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само едно укажување. Репликите имаат смисла да се дојде овде, да се појасни некој став. Ако репликите служат за некој да фрла клевети, лаги , да понижува, да навредува националности, луѓе, нивниот морал да го доведува во прашање, да ги клевети дека се неморални од

овде , тоа не е Парламент, а не реплика, а не говор. Ве молам приберете се малку.

Господинот Стојков има реплика, но најпрвин да му дадеме збор на господинот Луловски, а потоа господинот Поповски. Процедурално прво Луловски се јави, а потоа вие ќе дојдете на ред. Ве молам седете не Стојков, прво Луловски има процедурална интервенција.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници морам да ве потсетам на едно мое лично барање на првиот ден од седницата.

Се обратив до претседателот на Владата премиерот Бранко Црвенковски кој присуствуваше на оваа седница и барав да се истакнат тие министри што треба да настапат по барањето на Владата. Што беше фактички моето бараше? Јас дадов на увид тогаш ви обрнав внимание да, ако Владата мисли дека ќе придонесе за меѓународното признавање со присуството на министрите овде, јас барав тогаш да присуствува министерот кој беше најодговорен околу надворешната политика. Но, овде што се трансформира моментално во Парламентот во една дебата во која се одговара само на пратенички прашања. Ве молам ние имаме точка на дневен ред идната седница околу пратенички прашања. И ве молам министрите да си почитуваат ако мислат дека треба да одговараат на пратеничките прашања, ве молам. Јас по мое мислење, вие одговарате само на пратенички прашања на некои, чисто можам да речам, провокации или непровокации, како сакате сфатете ги . Не сме на точна на дневен ред пратенички прашања. Имаме пратенички прашања доставени на досегашната Влада сигурно над стотина, па уште не сме добиле одговор. И тоа пред четири пет месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа интервенција е на место, меѓутоа, ова има логика само ако пратениците во своите излагања не се расплинат и немаат формулации што значат повик на министерот да објасни состојба во областа во која работи. Ако е овластен да биде тука, а пратеникот вели дека е тоа важен аспект за да се разбере моментот околу меѓународното признавање на Републиката. Заради тоа не може да има право само некој овде да исплука некого, а другиот да нема право да дојде да каже нешто, да даде пошироко објаснение.

Има збор господинот Поповски само процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во име на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз барам пауза од само 5 минути за да Пратеничката група на СДС се договори за начинот на својата активност на 58-та седница заради навредите кои ги доживува од говорницата, а на кои не може да се спротивстави со цивилизирани средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, 10 минути пауза.

(Седницата прекина со работа во 16,35 часот.)

(По паузата)

Седницата продолжи после паузата во 17 ,1CL'часот .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Господинот Поповски бараше пауза, а еве место него се јавува господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, пратеничката група на СДСМ побара пауза, да се прекине оваа мачна атмосфера во која што западнавме и да укаже на следното. Веќе подолго време во расправите по поедини точки, односно по поедини многу значајни точки, ако тој епитет не го заслужуваат сите точки од нашите дневни редови, се чувствува висок степен на неодговорност, на излегување надвор од темите, на нестручни и неаргументирани пристапи, на настапи планирани, не да се разрешат тешките проблеми што ја притискаат државата, што се одразуваат негативно на состојбите во стопанството, општествените дејности на стандардот и сигурноста на граѓаните туку да се блокира и обезличи нашата работа, да се направи неефикасна и да добие призвик на недоличност и активност за меѓусебни пресметки, за политички и морален линч на поедини личности, национални колективитети конфесии или државни институции. Тие настапи кои што на почетокот на нашата работа беа само исклучоци, постепено постануваат наша редовна пракса. Се преминаа сите граници и наместо да ги жигосаме и елиминираме, тие постануваат метод на работа на ова Собрание. Тие што ги поттикнуваат ваквите настапи, со нив зборуваат повеќе за себеси отколку за другите, на последиците по ефикасноста на работата на

Собранието и дигнитетот на Собранието, се исти и ги трпиме сите ние.

Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз го замолува претседателот на Собранието и претседателството, во рамките на своите ингеренции кои што ги имаат и по стариот Деловник и по новиот Деловник, и во рамките на ингеренциите што би можеле да им ги дадеме ние, со гласање, ако бараат и ако имаат од тоа потреба, бара да се прекине со досегашната пракса, заради тоа што штетите што ги предизвикуваме со ваквите пристапи се огромни и секојдневно се продлабочуваат. Ве молиме да продолжиме со работа и нека вакви мачни атмосфери во овој Парламент гледаме за последен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, за ефикасноста на работењето на Парламентот најголем придонес може да даде позицијата која што има најголем број пратеници зад себе си тоа се вкупно 75, и која што учествува во подготовките на седниците. Познато е дека ВМРО-ДПМНЕ нема свој претставник во така натеченото претседателство и нема никакво учество во подготвувањето на седниците. Затоа ми се чини, они што сакаат ефикасно да работиме, треба да се обратат на своите претставници во позицијата, по конкретно во Владата. Исто така, некој а и господинот што пред мене зборуваше укажа дека треба да се грижиме за рамноправноста на верските консесии и т.н. Јас не се согласувам со тоа некои да се заложува за рамноправност на верските концесии, а да поддржува навреда на верски чувства на припадници на една вероисповест. Ако некој се заложува за верска толеранција, треба да ги почитува чувствата на сите, независно

дали се од христијанската или од муслиманската вероисповест.

Што се однесува она за кое што сакав поконкретно да реагирам, директно би го прашала претседателот на Собранието Стојан Андов, како одговорен човек кој што ја води и ја организира седницат. дали му е познато дека околу парламентот има видно присуство на униформирани полицајци, дали тој лично ги повикал и ако ги повикал од кои причини, нам како пратеници треба тоа да ни е познато. Доколку не ги повикал и не му е познато, тоа ќе го сфатиме како директен притисок врз пратениците, врз нивната слобода на мислење и на искажување на нивните мисли од страна на полицијата. И апелирам доколку нема некој директен повод, полицијата да се повлече да може мирно да работиме во парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви се молам, само едно објаснување. Јас сум одговорен за безбедноста во зградата. Во зградата нема ниту еден полицаец. За улиците јас не одговарам ниту пак некој за тоа треба да ме известува Не сум известен ниту нешто сум барал.

Збор има господинот Ханџиски кој во интервенцијата беше спомнат.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Повторно почнува со криви интерпретации. И тие интерпретации се најопасни по работата и на парламентот и на сите нас, полувистините кои што се кажуваат од оваа говорница. Апсолутно не станува збор за заштита, ќе парафразирам на така наречени иноконсесии и т.н. Станува збор за тоа дека немаме право како парламентарци како граѓани , како учесници во сите пори на животот во ова општество да се вреѓаме меѓу себе на било кој план, па и на конфесионален.

Второ работата на овој парламент подолго време се кочи, и во подготвувањето на самите седници и откога ќе почнат седниците. И, ние тоа понатаму нема да го дозволиме. Претседателите на поедини комисии од парламентарните групи, од опозицијата намерно ги кочат работите, припремите на седниците на комисиите по три, шест и десет саати, за да не се почне функционално со работата на седницата. На седниците се излегува намерно од темите кои што треба да ги расправаме, се развлекуваат седниците се водат на странпатици и на таков начин, само заради тоа што во јавноста се знае дека позицијата моментално ја има одговорноста за сите состојби во државата, на таков начин се тежи да се прикаже дека таа позиција е неефикасна. Според тоа сите трикови, како што викаат моите деца "индијански", сме ги прочитале и нема да дозволиме и понатаму да се игра на нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојановски:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барањето за одлагање е право на пратеничката група. Тоа право не го оспорувам. Меѓутоа , да се дојде и да се држи лекција дали некој прифаќа мислење на еден пратеник или на друг, дали некој има висок стил или низок во излагањето, тоа , висината на стилот и излагањето е мана или способност на тој пратеник.

Во врска со тоа што стана збор за некакви попречувања на работата на Собранието, само ќе ја опоменам позицијата јас сум еден од претседателите на опозицијата на едно работно тело. Господа, се закажува седница за денеска, Владата сабајле ќе ги достави материјалите во 7,00 саатот во Собранието, а седницата е закажана во 10,00 саатот. Ние материјалите ги добиваме за да расправаме по нив во 9,30 саатот. Нека повели , дали Владата е чесна или нечесна. Тоа е вистината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стефковски:

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Навистина беше корисна оваа пауза и сметам дека, навистина, во методот на работата на овој Парламент треба нешто да се почитува. Јас само би потсетил на членот 450 и 452 од Деловникот за работа на Собранието каде штос е зборува дека претставник на Владата во Парламентот е претседателот на Владата. Понатаму во членот 452 став 1 се зборува дека претседателот може да овласти само еден претставник на Владата. Ние уште пред почетокот на оваа седница добивме едно писмо од претседателот на Владата со кое што укажува на потребата, во расправата да учествуваат сите министри од Владата на Република Македонија по ова точка. И сега што ни се случува? Претседателот на Парламентот, морам да кажам не го почитува членот 105 од Деловникот каде што се зборува за репликата и во кои услови може да с дозволи реплика во овој Парламент. И што ни се случува? Намерно не се даде на усвојување писмото од Владата за бројот на претставниците, едноставно, бидејќи е спротивно на Деловникот. Тоа беше јасно. И сега ни се случува, во расправата за реплика по излагањата на одделни пратеници да се јавуваа министри после два саата и бидејќи се јави еден па втор, спротивно на Деловникот, нели, и сега може да ни се случи за реплика да ни дојде некој министер и во пижами, бидејќи седи дома и гледа, и кога ќе му текне после два саата доаѓа за реплика на тој и тој пратеник и т.н. Ако е тоа метод на работа, јас навистина се согласувам со господинот Ханџиски.

(Реакција од пратениците во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

Очигледно не сме во состојба да створиме работна атмосфера. Она што сакам сега да го кажам, сакам уште еднаш да потврдам дека нема никаква деловничка пречка да работиме како што работиме, само доколку пратениците во расправата се држат за темата и не навлезат во материја на министерства кои што не се во таа тема, во тој случај овластениот министер по таа тема ќе дојде. Меѓутоа, ако е ова омнибус тема, па пратениците, апсолутно, не се држат за таа тема, туку нивните настапи служат да наведуваат неточни исконструирани работи, претседателот има право за секое навлегување во темата, надвор од оваа тема, што си дозволил пратеникот да овласти министер кој ќе даде појаснување, претседателот на Владата. Инаку, ве молам ние ќе продолжиме, ќе закажеме дополнително кога ќе продолжиме, а сега мора да прекинеме, а очекувам кога ќе продолжиме, нашите политички разлики нека останат да правиме напори да ги приближиме, но во настапите овде да не ги понижуваме луѓето да не изнесуваме инсинуации на луѓе кои не се присутни овде. кој што се обични граѓани. Да не ги клеветиме. Тоа е мојот апел, во таква ситуација и ќе продолжиме• Сега прекинуваме со седницата. За продолжението ќе најавиме.

(Седницата ја прекина работата во 17,20 часот).